АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
# за 2015 година

Скопје, 2016 година

# СОДРЖИНА


1. ВОВЕД ..... 1
2. СОСТОЈБА НА ПАЗАРОТ НА ТРУДОТ ..... 2

2.1 НЕВРАБОТЕНИ ЛИЦА – АКТИВНИ БАРАТЕЛИ НА РАБОТА ..... 3

*2.1.1 Состојба и структурни карактеристики на невработените лица ..... 3*

*2.1.2. Структура на невработените лица според место на живеење ..... 4*

*2.1.3 Невработени инвалидни лица ..... 4*

2.2 ПОБАРУВАЧКА НА РАБОТНА СИЛА И ПОТРЕБА ОД ВЕШТИНИ НА ПАЗАРОТ НА ТРУДОТ ..... 4

2.3 РЕГИСТРИРАНИ ПРИЈАВИ НА ЗАСНОВАНИ РАБОТНИ ОДНОСИ ..... 9

2.4 ИЗДАВАЊЕ НА РАБОТНИ ДОЗВОЛИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА СТРАНЦИ ..... 10

3. УСЛУГИ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ..... 12

3.1 СОРАБОТКА СО РАБОТОДАВАЧИТЕ И ПОСРЕДУВАЊЕ ПРИ ВРАБОТУВАЊЕ ..... 12

3.2 ИНФОРМИРАЊЕ И СОВЕТУВАЊЕ ..... 13

3.3 ПОДДРШКА НА АКТИВНО БАРАЊЕ РАБОТА, ПРОФЕСИОНАЛНА ОРИЕНТАЦИЈА И КАРИЕРНО СОВЕТУВАЊЕ ..... 15

3.4 УСЛУГИ ПРЕКУ ИНТЕРНЕТ ..... 17

4. ПАРИЧЕН НАДОМЕСТОК ЗА НЕВРАБОТЕНИ ЛИЦА ..... 17
5. АКТИВНИ ПРОГРАМИ И МЕРКИ НА ПАЗАРОТ НА ТРУДОТ ..... 18

5.1 ВОВЕД ..... 18

5.2 СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОПЕРАТИВНИОТ ПЛАН ..... 18

*5.2.1 Програма за самовработување ..... 18*

*5.2.2 Програма за самовработување на лица со инвалидност ..... 19*

*5.2.3 Поддршка на растот на микро и мали претпријатија за создавање на нови работни места ..... 21*

*5.2.4 Програма за условен паричен надоместок за субвенционирано вработување на лица во социјален ризик ..... 22*

*5.2.5 Ослободување од плаќање на придонеси од задолжително социјално осигурување за вработување на невработени лица до 29 години возраст и проект Македонија вработува ..... 23*

*5.2.6 Обука на работното место со субвенционирано вработување ..... 23*

*5.2.7 Обука за задоволување на побарувани занимања на пазарот на труд кај приватни спроведувачи на обука ..... 24*

*5.2.8 Обука за напредни ИТ вештини ..... 25*

*5.2.9 Анкета за потреба од вештини на пазарот на трудот ..... 27*

*5.2.10 Програма за општинско-корисна работа ..... 27*

*5.2.11 Обука за надополнување на вештини за градење енергетско-ефикасни згради ..... 28*

*5.2.12 Пилот програма – Инкубатор на занаетчии ..... 30*

5.3 КРЕДИТИ ..... 30

*5.3.1 Проект за самовработување со кредитирање ..... 30*

*5.3.2 Кредитирање на правни субјекти (микро и мали претпријатија) за отворање на нови работни места ..... 31*

5.4 ПОСЕБЕН ФОНД ..... 32

6. ПРОЕКТИ ..... 33
7. РАКОВОДЕЊЕ И УПРАВУВАЊЕ ..... 39

7.1 АКТИВНОСТИ НА РАКОВОДЕЊЕ ..... 39

7.2 АКТИВНОСТИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР ..... 39

**8. РАБОТНИ УСЛОВИ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ....................40**

8.1 ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ.................... 40
8.2 ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ.................... 42
8.3 ИТ ПОДДРШКА....................43
8.4 ФИЗИЧКИ УСЛОВИ.................... 44
8.5 ВНАТРЕШНА КОНТРОЛА....................45
8.6 ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА, ДОМАШНА И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА....................45

# 1. ВОВЕД

Агенцијата за вработување на Република Македонија (АВРМ) е јавна институција, која својата работа ја заснова на повеќе законски и подзаконски акти, стратегии, акциски планови и програми, кои се однесуваат на разни сегменти од пазарот на трудот. Меѓу позначајните документи се вбројуваат:

- Годишната Програма за работа на АВРМ,
- Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност,
- Законот за работни односи,
- Законот за евиденциите од областа на трудот,
- Закон за вработување на инвалидни лица,
- Законот за вработување и работа на странци,
- Законот за вработени во јавен сектор,
- Закон за административни службеници,
- Статутот,
- Национална стратегија за вработување на РМ 2020,
- Национален акционен план за вработување на РМ,
- Акцискиот план за вработување на млади 2020 година,
- Програмата на Владата на Република Македонија 2011-2015 година,
- Европската стратегија за паметен, одржлив и инклузивен раст - Европа 2020,
- Повеќегодишна оперативна програма за развој на човечки ресурси 2007 - 2013,
- и други документи.

Главни дејности на АВРМ се:

- посредување во вработување,
- советување за вработување,
- професионална ориентација,
- осигурување во случај на невработеност,
- спроведување на активни програми и мерки за вработување,
- издавање на работни дозволи на странци,
- креирање на аналитички, развојни и стручни материјали од делокругот на АВРМ,
- информирање за пазарот на трудот кои се од значење за јавноста.

АВРМ во текот на 2015 година продолжи со континуираното надградување на своите услуги, креирајќи соодветни техники и методи за работа со невработените лица и работодавачите. Основна цел на овие активности е АВРМ, како јавна установа, да стане вистинска берза на трудот. Таа е клучниот медијатор за поврзување на понудата и побарувачката на работната сила, а со тоа има значајно влијание врз унапредувањето на функционирањето на пазарот на трудот во земјата. На тој начин, АВРМ има за цел да придонесе за намалување на структурната неусогласеност меѓу побарувачката и понудата на пазарот на трудот.

Активностите што подолу следат јасно ја истакнуваат значајната улога на АВРМ како еден од клучните чинители на пазарот на трудот.

# 2. СОСТОЈБА НА ПАЗАРОТ НА ТРУДОТ

Согласно Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност, АВРМ води евиденција на

- Невработени лица и
- Други лица кои бараат работа

Со одредбите од Законот точно е утврдено кое лице е невработено лице, а кое лице е друго лице кое бара работа, како и нивните права и обврски.

- Невработено лице е лице пријавено во Агенцијата, кое е невработено, активно бара работа и ги исполнува условите предвидени со Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност
- Друго лице кое бара работа е економски активно или неактивно лице кое се евидентира во Агенцијата за вработување на Република Македонија, но не бара активно работа и/или не е подготвено да прифати работа.

Со состојба на 31.12.2015 година, во АВРМ евидентирани се:

- 114 979 невработени лица и
- 95 768 други лица кои бараат работа

Во табеларниот приказ кој следи, илустрирана е состојбата на невработените лица (активни баратели на работа) и другите лица кои бараат работа (пасивни баратели на работа), по месеци во 2015 година

| Месец | 2015 година | |
|---|---|---|
| | Невработени лица | Други лица кои бараат работа |
| 1 | 2 | 3 |
| Јануари | 124025 | 100176 |
| Февруари | 123815 | 99783 |
| Март | 126161 | 98401 |
| Април | 125605 | 97822 |
| Мај | 123892 | 97466 |
| Јуни | 122257 | 96918 |
| Јули | 119684 | 96289 |
| Август | 118151 | 96364 |
| Септември | 117736 | 96023 |
| Октомври | 116874 | 95752 |
| Ноември | 115784 | 95510 |
| Декември | 114979 | 95768 |

# 2.1 НЕВРАБОТЕНИ ЛИЦА – АКТИВНИ БАРАТЕЛИ НА РАБОТА

## 2.1.1 Состојба и структурни карактеристики на невработените лица

Со состојба на 31.12.2015 година во АВРМ евидентирани се 114979 невработени лица - активни баратели на работа.

| | состојба: 31.12.2015 година |
|---|---|
| **Евидентирани невработени лица** | **114979** |
| Невработени лица - жени | 47066 |
| Невработени лица на возраст од 15 до 24 години | 13897 |
| Невработени лица на возраст од 15 до 29 години | 28006 |
| Невработени лица на возраст од 55 години и повеќе | 26586 |
| Невработени лица кои чекаат на вработување повеќе од една година | 71171 |
| Невработени инвалидни лица | 1583 |
| Невработени лица -корисници на паричен надоместок | 9811 |

Структурата на невработени лица, според пол со состојба на 31.12.2015 година, се карактеризира со поголемо учество на мажите во вкупниот број на невработени лица 59,1% (67913), во споредба со жените кои во вкупната невработеност учествуваат со 40,9% (47066).

Во однос на возрасната структура, невработените лица на возраст до 29 години во вкупниот број на евидентирани невработени лица, учествуваат со 24,4% (28006), од 30-39 години со 20,2% (23240), од 40-49 години со 20,9% (24101) и невработените лица со 50 години и повеќе во вкупниот број на евидентирани невработени лица учествуваат со 34,5% (39632).

Структурата на невработените лица според школска подготовка, се карактеризира со релативно големо учество на лицата со основно образование во вкупниот број на невработени лица, односно 39,8% (45802), невработените лица со непотполно средно образование учествуваат со 14,3% (16415), невработените лица со завршено средно образование со 30,3% (34880), а невработените лица со завршено вишо и високо образование со 1,8% (2124) односно 13,7 % (15758) во вкупно евидентираните невработени лица.

Во евиденцијата на невработените лица, имајќи го во предвид степенот на образование, најбројни се невработените од следните профили на занимање: дипломиран економист, дипломиран правник, професор по одделенска настава на македонски јазик, дипломиран учител, дипломиран социјален работник, дипломиран психолог (професор), професор за предучилишно воспитување, дипломиран менаџер по туризам и угостителство, матурантите од гимназија се најбројни од невработените со завршено средно образование, економски техничар, машински техничар, земјоделски техничар-полјоделец, конфекциски техничар, прехранбен техничар, хемиско-технолошки техничар и др.

Според време на чекање на вработување, со состојба на 31.12.2015 година, 38,2% (43808) од невработените лица, чекаат на вработување до 11 месеци, 42,4% (48811) ( чекаат на вработување од една до три години, а 19,4% (22360) од невработените лица, чекаат на вработување четири години и повеќе.

Структурата на невработени лица според националната припадност, со состојба на 31.12.2015 година, е следна: 66,2% (76146) од невработени лица се Македонци, 22,4% (25699) - Албанци, 3,2% (3720) - Турци, 5,1% (5842) – Роми, 0,8% (874) - Срби, 0,2% (264) се Власи, 0,2% (234) - Бошњаци, а останатите 1,9% (2200) од невработените лица се припадници на друга етничка заедница.

### 2.1.2. Структура на невработените лица според место на живеење

Според местото на живеење, невработеноста е повеќе изразена во урбаната средина, каде се евидентирани 68,7% (79053) од невработените лица, а 31,3% (35926) од невработените се со место на живеење во руралната средина.

Соодветно на бројот на жители, во Центарот за вработување на град Скопје, евидентирани се најголем број од невработените лица, односно 16,1%. (18566) од вкупно невработените лица. Во Центарот за вработување Тетово евидентирани се 11,4% (13099) од вкупно невработените лица, Центарот за вработување Куманово 9,1% (10469), Центарот за вработување Прилеп 7,7% (8851), Центарот за вработување Гостивар евидентирани се 6,0% (6855) Центарот за вработување Битола 5,9% (6774), од вкупно невработените лица и др.

### 2.1.3 Невработени инвалидни лица

Во АВРМ со состојба на 31.12.2015 година, евидентирани се 1583 невработени инвалидни лица –активни баратели на работа, од кои 33,5% (531) се жени, а 66,5% (1052) се мажи.

Невработените инвалидни лица се вбројани во вкупниот број на невработени лица, евидентирани во АВРМ.

Според возрасната структура, 17,3% (274) од невработените инвалидни лица се на возраст од 15 до 29 години, 54,4% (861) се на возраст од 30 до 49 години и 28,3% (448) од невработените инвалидни лица се на возраст со 50 години и повеќе.

Според степенот на образование, најголем број од невработените инвалидни лица 53,6% (848) се без образование и со основно образование, 19,6% (311) се со непотполно средно образование, 22,4% (355) се со завршено средно образование, а невработените инвалидни лица со вишо и високо образование учествуваат со 4,4% (69) во вкупниот број на невработени инвалидни лица.

## 2.2 ПОБАРУВАЧКА НА РАБОТНА СИЛА И ПОТРЕБА ОД ВЕШТИНИ НА ПАЗАРОТ НА ТРУДОТ

Истражувањето Анализа на потребите од вештини на пазарот на трудот, обезбедува одредени краткорочни показатели за очекувањата на работодавачите во однос на новите вработувања и потребите од вештини со кои треба да располагаат лицата, како истите би можеле да бидат конкурентни на пазарот на трудот.

Целта на истражување е да се зголемат сознанијата за состојбите и очекуваните промени на пазарот на трудот, преку добивање на информации од работодавачите за:

- потребите од нови вработувања во наредните 6 до 12 месеци;
- потребите од занимања, на планираните нови вработувања;
- потребите од вештини со кои треба да располагаат кандидатите за планираните нови вработувања;

- потребите од работници со одредени занимања, за кои работодавачите почуствувале недостаток при пополнување на слободните работни места.

Сознанијата добиени од анкетното истражување за потребите од вештини, претставуваат основа за креирање на активни програми и мерки за подготовката за вработување, кои имаат за цел подигање на вештините на невработените лица, заради зголемување на нивната конкуретност на пазарот на трудот и побрзо вработување. Исто така, добиените сознанија можат да послужат при подготовка на локални акциони планови за вработување, како и при конципирање на уписната политика, при креирањето на нови образовни програми за занимања усогласени со потребите на пазарот на трудот.

Истражувањето придонесува и за зголемување на соработката и довербата меѓу работодавачите и АВРМ.

Анкетното истражување за потребите од вештини на пазарот на трудот базира на примерок од работодавачи (деловни субјекти) од приватниот сектор со седум и повеќе вработени, раслоени по дејности во сите региони. Јавниот сектор не е вклучен во истражувањето.

Според методологијата примерокот за анкетирање е случајно избран, а анкетата се смета за успешна доколку опфатот со анкетното истражување е 70% .

Анкетата ја реализираат вработените од 30-те центри за вработување и истата се спроведува комбинирано преку директна посета на работодавачи, интервју и пополнување на прашалник и преку телефонско интервју со работодавачите и пополнување на прашалник.

Во 2015 година анкетното истражување за анализа на потребите од вештини се реализираше како дел од програмите/мерките за вработување согласно Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување.

Согласно условите и критериумите наведени во Оперативниот план за реализирање на анкетирањето, беа ангажирани 26 лица – анкетари од редот на евидентираните невработени лица. Од нив 8 невработени лица беа ангажирани како анкетари во поголемите центри за вработување (Тетово, Битола, Куманово, Штип, Струмица, Охрид, Прилеп и Велес), а 18 невработени лица, беа ангажирани како анкетари во Центарот за вработување на Град Скопје.

Невработени лица – анкетари, во горенаведените осум центри за вработување, беа техничка поддршка на вработените во комбинираното спроведување на анкетата (преку директна посета на работодавачите и телефонско интервју), на подрачјето на Град Скопје анкетата се спроведе по пат на телефонско интервју со работодавачите од страна на ангажираните лица –анкетари, а во останатите помали центри за вработување, анкетата се спроведе од страна на вработените во центарот за вработување преку директна посета на работодавачите

Согласно методологијата за анкетно истражување, за потребите на анкетното истражување во 2015 година беше изготвен нов примерокот за анкетирање.

*Резултати од спроведеното истражување за Анализата за потреби од вештини на пазарот на трудот за периодот 2015-2016 година*

Анкетното истражување за Анализа на потребите од вештини на пазарот на трудот, се спроведе во периодот октомври-ноември 2015 година. За потребите на ова истражување е изготвен нов примерок за анкетирање и истиот брои 3144 работодавачи (деловни субјекти) од приватниот сектор со 7 и повеќе вработени, раслоен по дејности во рамките на различни региони.

На национално ниво опфатот со анкетното истражување е 91,0% или 2861 анкетирани работодавачи.

Најголемиот број од анкетирани фирми се со седиште на подрачјето на Град Скопје, 1177 работодавачи или 41,1% од вкупно анкетирание фирми.

Со анкетното истражување беа опфатени 36,4% од вкупно регистрираните работодавачи од приватен сектор со седум и повеќе вработени во Република Македонија[1]. Кај анкетираните работодавачи работат 65,5% од вкупно вработените кај работодавачите од приватен сектор со седум и повеќе вработени.

| Дејност | Вкупен број на фирми со 7 и повеќе вработени | Број на фирми опфатени со анкетата | Вкупен број на вработени во фирмите со 7 и повеќе вработени | Број на вработени опфатени со анкетата | % на фирми опфатени со анкетата | % на вработени опфатени со анкетата |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Земјоделство, шумарство и рибарство | 163 | 70 | 6406 | 4209 | 42,9 | 65,7 |
| Рударство и вадење на камен | 59 | 22 | 3976 | 2637 | 37,3 | 66,3 |
| Преработувачка индустрија | 1781 | 875 | 94998 | 77135 | 49,1 | 81,2 |
| Снабдување со електрична енергија, гас | 27 | 6 | 2627 | 478 | 22,2 | 18,2 |
| Градежништво | 655 | 229 | 19458 | 12371 | 35,0 | 63,6 |
| Трговија на големо и трговија на мало | 2285 | 802 | 52991 | 30464 | 35,1 | 57,5 |
| Транспорт и складирање | 874 | 270 | 16556 | 8130 | 30,9 | 49,1 |
| Објекти за сместување и сервисни дејности за | 686 | 182 | 11718 | 4693 | 26,5 | 40,0 |
| Информации и комуникации | 136 | 30 | 3838 | 983 | 22,1 | 25,6 |
| Финансиска дејност и дејност на осигурување | 331 | 111 | 16053 | 10628 | 33,5 | 66,2 |
| Дејност во врска со недвижен имот | 53 | 23 | 1786 | 1336 | 43,4 | 74,8 |
| Стручни научни и технички дејности | 286 | 76 | 6138 | 3654 | 26,6 | 59,5 |
| Административни и помошни услужни | 100 | 31 | 4713 | 3531 | 31,0 | 74,9 |
| Образование | 85 | 24 | 1508 | 745 | 28,2 | 49,4 |
| Дејности на здравствена и социјална заштита | 223 | 77 | 4750 | 2328 | 34,5 | 49,0 |
| Уметност, забава и рекреација | 74 | 23 | 6306 | 3258 | 31,1 | 51,7 |
| Други услужни дејности | 52 | 10 | 1183 | 449 | 19,2 | 38,0 |
| **ВКУПНО** | **7870** | **2861** | **255005** | **167029** | **36,4** | **65,5** |

Анализирано според дејности, опфатот е различен. Најмала опфатност со анкетата има во дејноста други услужни дејности и изнесува 19,2% анкетирани фирми од вкупниот број на фирми во оваа дејност со 7 и повеќе вработени. Најголема опфатност се забележува во преработувачката индустрија, каде со анкетата се опфатени 49,1% од вкупниот број на фирми во оваа дејност со 7 и повеќе вработени.

Во дејностите градежништво, трговија на големо и трговија на мало, опфатноста соодветно изнесува 35,0%, односно 35,1%. Во финасиската дејност и дејност на осигурување со анкетата опфатени се 33,5%, а со опфатност над 40,0%, покрај преработувачката дејност, се издвојуваат и дејноста земјоделство, шумарство и риболов, како и дејноста во врска со недвижени имот, каде процентот на фирми опфатени со анкетата соодветно изнесува 42,9%, и 43,4% .

[1] Податок од АВРМ

Од вкупно 2861 анкетирани фирми, анализирано според големината на фирмата 73,4% (2100) се мали фирми (со број на вработени од 7-49), 22,3% (637) се средни фирми (50-249 вработени) и 4,3% (124) се големи фирми (со 250 и повеќе вработени). Нивното учество во вкупниот број вработени во анкетираните фирми респективно изнесува: 21,6%, 38,1% и 40,3%.

Во однос на економската активност, во наредниот период од 6 до 12 месеци, најголемиот дел од анкетираните работдавачите, односно 59,5% од работодавачите очекуваат константна побарувачка на нивните производи/услуги. Релативно мал дел од работодавачите (8,6%), предвидуваат намалување на нивната економска активност, односно намалување на побарувачката на нивните производи/услуги. Зголемување на економската активност, односно зголемување на побарувачката на производите/услугите во наредниот период од 12 месеци, очекуваат 31,9% од анкетираните работодавачи.

Во наредниот период од 12 месеци, 1417 работодавачи од вкупно анкетираните, одговориле дека очекуваат да реализираат 12580 вработувања.

Очекуваните нови вработувања и опфатот на вработените со анкетата, претставуваат основа за статистичко предвидување за новите вработувања во наредниот период од 12 месеци, кој во случајов би изнесувал околу 19206 вработувања.

Според големината на фирмите, најголем дел од нови вработувања или 48,3% се очекува да се реализираат во средните по големина фирми, 28,4% во големите фирми и 23,3% од нови вработување се очекува да се реализираат во малите по големина фирми.

Според дејноста, во преработувачката индустрија се очекуваат да се реализираат речиси 45,0% од вработувањата, 20,4% во трговијата на големо и трговијата на мало, 9,6% од вработувањата се очекуваат да се реализираат во градежништвото, 5,2% во дејноста транспорт и складирање, 4,1% во финансиска дејност и дејности на осигурување, 3,0% во објекти за сместување и сервисни дејности за храна и др.

Набљудувано по регион, во наредните 12 месеци, во Скопскиот регион се предвидува да се реализираат 44,1% (5550) од вкупниот број на очекувани вработувања, во Источен регион 18,0% (2263), во Пелагониски регион 10,9% (1377), Вардарски регион 8,7% (1091) во Југоисточен регион 8,4% (1059), во Североисточен регион 7,3% (919), во Југозападниот регион 1,3% (167) и во Полошки регион 1,2% (154) од очекуваните вработувања.

Според степенот на потребно знаење (образование), во наредните 12 месеци, од очекуваните нови вработувања, 10,8% (1356) ќе бидат за лица со завршено високо образование, 7,9% (994) за лица со завршено средно и вишо образование, 63,5% (7986) ќе бидат за лица со завршено средно образование и 17,8% (2245) од новите вработувања се за лица со завршено основно образование.

Имајќи го во предвид степенот на потребно знаење (образование), според искажаните потреби од анкетираните работодавачи, приоритет при новите вработувања во наредните 12 месеци ќе имаат лицата со следните занимања[2]

*Со завршено високо образование (програми до и постдипломско универзитетско образование):* програмер, информатичар, систем администратор, развивач на софтвер, инженер на софтвер, графички дизајнер, инженер за организацја на производство, градежен инженер, машински инженер, архитект, фармацевтски технолог, инженер-технолог за фармацевтски

[2] Според НКЗ-Национална класификација на занимањата

производи, машински технолог за одржување на процесна опрема, маркетинг агент, сметководител, економисти (за финансии, за осигурување, за банкарство, за менаџмент), правницк и др.

*Со средно или вишо образование (програми за средно и вишо образование освен универзитетско):* техничар-технолог, администратор, систем оператор, оператор на телекомуникациска опрема, графички техничар, електротехничар, машински техничар елктромашински техничар, машиски техничар за одржување на опрема, градежен техничар, текстилен техничар, комерцијалист, медицинска сестра, техничар за обувки, фармацевтски техничар, хемиски техничар-лаборант и други.

*Со средно образование (програми за средно образование)*: шивач, шивач на текстил, ткајач, крзнар кројач, продавач, заварувач, бравар, столар, магационер, возач (на такси, на товарно возило, на камион, на автобус), месар, пекар, келнер, готвач, помошник готвач, ракувач со уреди за стерилизирање на конзерви за овошје и зеленчук, опслужувач на линија за преработка на овошје и зеленчук, останати работници за неиндустриски начин на работа во производство, зидар, чевлар, шивач на горни делови на обувки, кројач на горни делови на обувки, обезбедувач (заштита на имот и лица), електричар за одржување, ракувач со уреди за гумирање, градежен работник за одржување на згради, ракувач со градежни машини, леар на метали, армирач и други.

*Со завршено основно образование (завршено основно образование):* работник за едноставни работи во производствена линија, работник на едноставни работи при изработка на градежен материјали, чевларски работник, работник за едноставни работи нераспределен на друго место, рачен пакувач, ѕидарски работник, работник на едноставни работи во произвотството на обувки, рударски работник, обиколувач, дистрибутер (малопродажба), хигиеничар на станбен и деловен простор, работник во високоградба, работник на едноставни работи во производството на текстил, работник за одржување, градинарски работник, овоштарски работник, лозарски работник и други.

При пополнување на слободните работни места, некои работодавачите се изјасниле дека се соочиле со одредени потешкотии при пополнување на работните места, односно неможат да се обезбедат работници од соодветно занимање, заради немање доволно работно искуство, немање на знаења и вештини за извршување на работните задачи кои ги побарува работното место. Иновациите, односно техничко технолошкиот напредок, побарува работна сила, со способности, знаења и вештини, за извршување на конкретни работни задачи во согласност со новите трендови.

Во врска со барањата за посебни знаења и вештини кои треба да ги поседуваат потенцијалните кандидати за вработување со повисок степен на образование, истражувањето покажа дека работодавачите најмногу ја нагласуваат потребата од познавањето на странски јазици, (англиски, германски, италијански), познавање на основни компјутерски апликации (MS Office, Auto Cad), како и стекнати напредни знаења и вештини од областа на информациската технологија (сервер администратор, CISCO, Java programmer, Oracle). Притоа работодавачите ја нагласуваат потребата од задолжително поседување на сертификати за стекнатите знаења.

Меѓу другите вештини се нагласува и потребата од комуникациски вештини, амбициозност, одговорност, доверливост, прецизност, тимска работа, вештина за внес и читање на податоци, флексибилност, вештини за продажба и маркетинг, вештини за менаџирање.

Анкетното истражување за Анализа на потребите од вештини на пазарот на трудот, обезбедува корисни краткорочни показатели за очекувањата на работодавачите во однос на новите вработувања и потребите од вештини со кои треба да располагаат лицата, како истите би можеле да бидат конкурентни на пазарот на трудот.

Активностите на Агенцијата за вработување, како значаен учесник на пазарот на трудот, се насочени кон поуспешно поврзување на понудата и побарувачката на работната сила, како и активности за зголемување на капацитетите за вработување на невработените лица, со цел нивна успешна интеграција на променливиот пазар на труд.

Воедно, потребно е континуирано да се работи на усогласување на образовниот систем и образовните курикулуми според барањата на пазарот на трудот. Исто така, значајно е да се стави поголем акцент за информирање на јавноста, пред се на децата од завршните години на школување и нивните родители, во врска со занимањата и професиите кои се перспективни и побарувани на пазарот на трудот.

## 2.3 РЕГИСТРИРАНИ ПРИЈАВИ НА ЗАСНОВАНИ РАБОТНИ ОДНОСИ

АВРМ води евиденција на регистрирани пријави на засновани работни односи (М-1-обрасци).

Во периодот од 01.01.2015 до 31.12.2015 година, регистрирани се вкупно 189807 пријави на засновани работни односи (М1 обрасци).

| **Регистрирани пријави на засновани работни односи - М1 обрасци (01.01.2015 до 31.12.2015 година)** | **189807** |
|---|---|
| Од евиденција на невработени | 53663 |
| Надвор од евиденција на невработени | 136144 |
| На неопределено време | 90691 |
| На определено време и сезонски работи | 99116 |

Според статусот на лицата на кој се однесуваат регистрираните пријави на засновани работни односи:

- 28,3% се регистрирани пријави на засновани работни односи од евиденцијата на невработените,
- 71,7% се регистрирани пријави на засновани работни односи надвор од евиденцијата на невработените.

Според видот на работниот однос, од вкупно 189807 пријави на засновани работни односи, во периодот од 01.01. до 31.12.2015 година.

- 47,8% се регистрирани пријави на засновани работни односи на неопределено време,
- 52,2% се регистрирани пријави на засновани работни односи на определено време и сезонска работа.

## 2.4 ИЗДАВАЊЕ НА РАБОТНИ ДОЗВОЛИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА СТРАНЦИ

Согласно Законот за вработување и работа на странци, подзаконските акти и Одлуката за определување на квотите на работни дозволи за странци за 2015 година во вкупна висина од 3250 работни дозволи распределена по групи, АВРМ е надлежна за издавање на работни дозволи.

Во периодот 01.01 - 31.12.2015 година во АВРМ поднесени се вкупно 3713 барања за издавање на работни дозволи.

| **Статус на барање** | **Број на барања** |
|---|---|
| Барање | 321 |
| Одбиено | 87 |
| Повлечено | 21 |
| Уважено | 3284 |
| Вкупно | 3713 |

Вкупниот број на издадени работни дозволи изнесува 3523, од кои за 186 барањата се поднесени пред 01.01.2015 година. Од нив, издадени се:

- 3417 позитивни работни дозволи по сите основи;
- 246 позитивни работни дозволи (навремено проследени до надлежните институции) кои не се подигнати односно не се реализирани;
- 106 негативни решенија се издадени поради неисполнување на условите за издавање на работни дозволи.

Од вкупно издадените 3417 позитивни работни дозволи во извештајниот период издадени се:

- 1913 дозволи за вработување;
- 975 лични работни дозволи; и
- 529 дозволи за работа.

Од нив, за продолжување на работната дозвола по сите основи издадени се 1314 работни дозволи за нови работни дозволи по сите основи издадени се 2103 работни дозволи и тоа:

Според занимањето на странските државјани издадени се работни дозволи како

| | |
|---|---|
| Управител | 55 |
| Работник за едноставни работи нераспределен на друго место | 28 |
| Шивач | 25 |
| Економист | 17 |
| Работник за едноставни работи на производствена линија | 16 |
| Пекар | 13 |
| Економски техничар | 12 |
| Инженер технолог за текстил | 11 |
| Машински техничар | 11 |
| Фудбалер | 11 |
| Останати | 3324 |

## Според стручната подготовка на странците:

| | |
|---|---|
| Трет циклус на студии: докторски студии | 34 |
| Втор циклус на студии: магистерски академски студии | 109 |
| Втор циклус на студии: специјалистички студии | 7 |
| Прв циклус на студии: универзитетски 240, стручни 240 | 1216 |
| Прв циклус на студии: универзитетски 180, стручни 180 | 75 |
| Стручни студии од 60 до 120 кредити | 25 |
| Стручно образование поврзано со првиот циклус на студии до 60 ЕКТС | 9 |
| Средно образование | 1129 |
| Средно стручно | 263 |
| Основно образование | 594 |
| Основно нижо | 44 |
| Нема образование | 18 |

## Според државата на потекло на странски државјани:

| | |
|---|---|
| Турција | 646 |
| Грција | 532 |
| Србија | 401 |
| Албанија | 282 |
| Косово | 211 |
| Бугарија | 182 |
| Хрватска | 139 |
| Босна и Херцеговина | 121 |
| Германија | 107 |
| Русија | 101 |
| Останати | 801 |

## Според градови за кои странските државјани добиле работни дозволи

| | |
|---|---|
| Скопје | 2447 |
| Гевгелија | 241 |
| Тетово | 131 |
| Битола | 97 |
| Охрид | 81 |
| Штип | 54 |
| Прилеп | 47 |
| Кавадарци | 41 |
| Велес | 40 |
| Останати | 344 |

# 3. УСЛУГИ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

АВРМ реализираше различни видови услуги за невработени лица и работодавачи. Истите беа дел од Оперативниот план за услуги на пазарот на труд и активни програми и мерки за вработување за 2015 година.

## 3.1 СОРАБОТКА СО РАБОТОДАВАЧИТЕ И ПОСРЕДУВАЊЕ ПРИ ВРАБОТУВАЊЕ

Информирањето како и олеснувањето на пристапот до услугите на работодавачите во текот на 2015 година се спроведуваше преку системско планирање и спроведување на ефикасни услуги за работодавачите, како и следење на нивната успешност и ефектите од истите преку задоволување на заедничките потреби и интереси. Центрите за вработување остваруваа директни средби и континуирана меѓусебна соработка со работодавачите во центрите за вработување и преку посета на работодавачите, со што тие добиваа можност за квалитетни, навремени и точни податоци за состојбата со пазарот на труд, голем број поволности, како и брз и адекватен одговор при секоја нивна потреба од работна сила. Од друга страна АВРМ, преку директна и успешна соработка со работодавачите ја оствaруваше нејзината крајна цел – успешно посредување при вработување на невработените лица.

Комуникацијата и соработката со работодавачите се реализираше на повеќе начини и повеќе нивоа, со цел истата да произведе позитивни ефекти:

- Посредување при вработување - Услугата обезбедува квалитетно посредување при вработување на работната сила според искажаните потреби на работодавачите. Целта на услугата е да се олесни поврзувањето на понудата и побарувачката на работна сила, односно да им помогне на работодавачите да ги пополнат слободните работни места со квалификувани работници, а на невработените и други лица кои бараат работа да им помогне во вработувањето. Посредувањето опфаќа стручни, административни и други активности на АВРМ, со кои се обезбедуваат услуги на клиентите во размената на трудот. АВРМ во текот на 2015 година оствари бројни контакти со работодавачите, нудејќи ја оваа бесплатна услуга за обезбедување на соодветен кадар. Притоа беа добиени и доста корисни информации околу планираните нови вработувања во претстојниот период, видовите на занимања кои се особено побарувани и други информации кои се значајни при креирањето на активните политики за вработување. Од друга страна, при добивање на барање за посредување при вработување од страна на работодавач, АВРМ вршеше пребарување во својата евиденција на невработени лица, при што за секое работно место, упатуваше кај работодавачот невработени лица, заради интервју и можно поврзување, односно вработување. Во текот на 2015 година беа доставени 4655 барања од работодавачите за посредување при вработување, од кои 3348 барања беа позитивно решени. Доколку работодавачот не можеше да ја задоволи својата потреба од бараниот кадар по пат на посредување при вработување, му се нудеа други активни мерки за вработување, се со цел да се излезе во пресрет на неговите барања.
- Соработка со работодавачите преку нивната вклученост во одредени активни програми и мерки за вработување.
- Континуирано известување и информирање на работодавачите за сите тековни активности, мерки и услуги кои можат да ги користат од АВРМ.
- Давање правна помош, мислење и појаснување на правната регулатива.

- Организирање заеднички средби, посети и состаноци (за меѓусебно информирање, размена на информации, давање насоки и предлози).

Центрите за вработување остваруваа посети на работодавачите од својот регион, преку кои се детектираа реалните потреби на работодавачите, со цел вистински да се одговори на нивните барања. Ова придонесе за барања за посредување при вработување на невработени лица евидентирани во АВРМ, како и нивно учество во активните програми и мерки за вработување. Во 2015 година бројот на вкупно реализирани средби со работодавачите изнесуваше 14272. Од нив 9485 посети се направени кај работодавачите, а 4787 средби со работодавачите се остварени во центрите за вработување. Дел од овие средби се однесуваа на средбите со работодавачите кои беа организирани со цел работодавачите да се запознаат со поволностите при вработување на разни целни групи на невработени лица со проектот Македонија вработува. За информирање за проектот Македонија вработува, бројот на средби со работодавачи изнесува 9277. Овие средби се реализирани преку 7842 посети кај работодавачите, а 1435 средби со работодавачите се остварени во центрите за вработување. Ефектите од соработката со работодавачите се согледува преку искажаниот интерес на работодавачите за услугите на Агенцијата и нивното учество во активните програми и мерки за вработување и реализација на зеднички активности, како на пример организација и реализација на саеми за вработување, учество во реализација на форуми за работодавачи и сл. Во текот на 2014 година се реализираше проектот „Отворен ден за нови работни места“ со кој беа организирани саеми за вработување во 8 града (Скопје, Неготино, Штип, Охрид, Струмица, Битола, Куманово и Тетово), од кои последниот саем за вработување се реализираше во јануари 2015 година во Тетово. Во периодот од 30.09.2015 – 03.12.2015 година беа одржани 8 саеми за вработување (во Прилеп, Велес, Струга, Кочани, Радовиш, Гостивар, Куманово и Скопје) на кои учествуваа околу 15950 невработени лица и 298 работодавачи. Според досегашните позитивни искуства од одржаните Саеми за вработување се очекуваат долгорочни ефекти како што се зголемен интерес кај работодавачите за отварање на нови работни места, вклучување на поголем број работодавачи и невработени лица во активните програми и мерки за вработување и понатамошно зголемување на вработувањето на невработените лица.

Во соработка со МТСП и единиците на локалната самоуправа АВРМ учествуваше во организацијата на 23 форуми со 392 работодавачи. Во периодот по 30.09.2015 година, од АВРМ дополнително беа реализирани уште 22 Форуми со 413 работодавачи. Соработката со работодавачите се спроведуваше и преку други активности за информирање за мерките и услугите за вработување на АВРМ.

## 3.2 ИНФОРМИРАЊЕ И СОВЕТУВАЊЕ

Во текот на 2015 година, во центрите за вработување на АВРМ се реализираа и активностите за информирање и советување за вработување.

Целта на овие активности е да се поттикнува иницијативата и да се зајакнуваат капацитетите на лицата кои бараат вработување за успешно претставување на пазарот на трудот, успешно барање на работа и вработување.

Корисници на услугите на работните клубови беа сите категории на невработени лица.

Корисници на овие услуги беа и работодавачите, со кои беа остварени многубројни средби со различна цел - да се информираат за можноста за користење на активните мерки за вработување кои се спроведуваат во АВРМ, за законската регулатива од областа на вработувањето, информирање за процесот на посредување при вработување и др.

За остварување на целите на работните клубови, беа спроведувани повеќе видови активности, како што се: информирање (со цел невработените и други лица кои бараат работа да добијат информации за нивните права и обврски, како и информации од пазарот на трудот и др.), работилници, интервјуа, разни видови обуки и други активности.

Беше реализирана услугата Помош при барање на работа преку различни активности како информирање, помош при изработка на CV, советување за вработување, изработа на Индивидуални планови за вработување и др.

Во работењето со невработените лица беше зајакнат индивидуалниот приод преку интервјуа и изработка на Индивидуални планови за вработување (ИПВ) со невработените лица, преку кои им се помагаше при планирањето и спроведувањето на процесот на активно барање на работа. Во 2015 година во соработка со Министерството за труд и социјална политика и Меѓународната организација на труд воведена е и посебна форма на ИПВ за тешко вработливи лица (со значајни пречки за вклучување на пазарот на трудот). Во ИПВ кој го изработува АВРМ во соработка со невработеното лице, се утврдуваат целите за вработување, планот на активностите на невработеното лице заради вработување, учество во активни политики за вработување и местото на вработувањето. ИПВ го потпишуваат АВРМ и невработеното лице во рок од 30 дена од денот на воведувањето во регистарот, со важност од шест месеци од денот на потпишувањето, по кој рок се вршат негови измени и дополнувања. За другите лица кои бараат работа (пасивни баратели на работа), АВРМ нуди услуги на евидентирање и обезбедување на информации за пазарот на труд и од јуни 2014 година во АВРМ почнаа да се изработуваат ИПВ и за овие лица. Во текот на 2015 година беа изработени вкупно 196676 ИПВ.

Со активното учество во работилниците, невработените лица кои бараат работа беа вклучени во програми за психолошка помош и поддршка, беа оспособувани за проценка на сопствените интереси, ставови, способности и вештини, добиваа обука за користење на техники за успешно претставување на пазарот на трудот, беа мотивирани и советувани за можностите за вработување со самовработување и воопшто за остварување на активна улога во решавањето на проблемот на невработеноста.

Во рамките на услугата Помош при барање на работа (вклучително и изработка на ИПВ) вкупно беа реализирани 294419 активности/услуги за невработени лица (131966 жени) од кои 95270 (32,36%) за млади лица до 29 години.

АВРМ во 2015 година спроведуваше и Мотивациски обуки кои имаа за цел да се зголеми мотивираноста и самодовербата кај невработените лица активно да бараат работа и да се обезбедат совети и насоки при користење на услугите достапни во АВРМ, невработените лица да се стекнат со одредени знаења за начините на активно барање на работа и да се мотивираат за користење на услугите на АВРМ. Мотивациските обуки се реализираа преку индивидуални и групни еднодневни сесии, со советување и мотивирање за користење на техниките за активно барање работа. Во 2015 година со мотивациските обуки беа опфатени 11768 лица (5358 жени), од кои 4531 (38,50%) беа млади лица до 29 години.

Обемот, бројот и видот на активностите, како и другите аспекти од работата на работните клубови беа прилагодени кон специфичностите на центрите за вработување, кон нивната опременост, кадровскиот потенцијал и потребите на невработените лица и работодавачите кои ги користеа услугите. За унапредување на квалитетот на активностите и за зголемување на нивниот број потребно е зајакнување на човечките ресурси и подобрување на просторните услови и опремата во дел од работните клубови.

Услугите за активирање на поединците изложени на ризик од социјално исклучување имаа за цел да се зголеми пристапот и учеството на лицата изложени на ризик од социјално исклучување до услугите и програмите за вработување достапни до АВРМ. Во рамките на имплементацијата на услугата, во соработка со УНДП беше формиран тим на ментори и асистенти (тренери) кои идентификуваа невработени лица со интерес да се вклучат на пазарот на трудот. Тимот спроведуваше активности за нивно мотивирање и редовно информирање за можностите за вработување и за подобрување на професионалните капацитети, како и за други можности што се нудат во локалната заедница и преку активните програми и мерки за вработување. Тимот работеше во општините: Шуто Оризари, Чаир (Топаана), Куманово, Тетово, Гостивар, Прилеп, Битола, Штип, Кочани, Виница, Делчево и Берово. Центрите за вработување (11) кои се надлежни за овие општини соработуваа со менторите и асистентите во спроведувањето на активностите.

Во текот на 2015 година вкупно 1042 лица се информирани за активните мерки за вработување, од кои 477 (45,78%) лица до 29 години, а 391 (37,52%) беа жени,. Од нив на 723 лица им се направени анализи и профилирање на професионалните вештини и образование. Од овие лица 218 лица беа успешно вклучени во некоја од програмите и мерките за вработување:

Во соработка со МТСП и единиците на локалната самоуправа АВРМ учествуваше во организацијата на 18 Инфо средби со 644 млади невработени лица. Во периодот по 30.09.2015 година, од АВРМ дополнително беа реализирани уште 22 инфо средби со 855 млади лица.

АВРМ во 2015 година во рамки на Проектот „Одбиј работа на црно" учествуваше во одржувањето на предавања за едукација на учениците од завршните години на средното образование и нивно запознавање со основните права и обврски од работен однос, условите и начинот на засновање на работен однос преку почитување на законската регулатива, заради намалување на бројот на млади лица ангажирани во сивата економија.

## 3.3 ПОДДРШКА НА АКТИВНО БАРАЊЕ РАБОТА, ПРОФЕСИОНАЛНА ОРИЕНТАЦИЈА И КАРИЕРНО СОВЕТУВАЊЕ

Услугите за поддршка на невработените лица за активно барање работа континуирано се спроведуваат во центрите за вработување.

Услугата Подготовка за вработување и за работа има за цел да им се овозможи на младите невработени лица (на возраст од 18-29 години) да усвојат знаења и да развијат вештини што се бараат на пазарот на трудот како подготовка за вработување и за работа, за да им се овозможи полесна и побрза интеграција на пазарот на трудот.

Услугата се реализираше преку спроведување на обуки на невработени лица, која ја реализираа вработените од АВРМ во работните клубови на центрите за вработување. Обуките овозможија нови знаења и вештини за личен развој, развој на вештини за барање работа; комуникациски вештини, соодветно однесување на работно место, тимска работа и лидерство, безбедност, права и обврски на работа и финансиски вештини.

Во 2015 година беа реализирани обуки со млади невработени лица според програмата "Подготовка за вработување и за работа" и "Учење преку работа". Со нив беа опфатени вкупно 2055 невработени лица (1164 жени) од кои 2048 лица (1160 жени) успешно ги завршија обуките. Во реализацијата на овие активности АВРМ беше подржана од УСАИД Проектот „Младинска мрежа за стекнување на вештини за вработување - ЈЕС мрежа". Целта на овој поект е младите лица да се стекнат со соодветни вештини кои ќе им овозможат да учествуваат во современата економија. Во

проектот прво беа вклучени 7 центри за вработување (Струмица, Битола, Тетово, Штип, Гостивар, Прилеп и Скопје) во кои беа подобрени и условите во работните клубови со дополнително опремување со нов мебел, опрема и материјали за работа со невработените лица. Во рамките на Проектот, беа организирани обуки за вработените од центрите за вработување за реализација на оваа програма, а во 2015 година со обуките беа опфатени и последните 7 центри за вработување (и дополнителни вработени од дел од другите центри за вработување) со што се создадоа услови да се реализираат овие обуки со невработените лица во сите 30 центри за вработување.

Професионалната ориентација и кариерното советување треба да им овозможат на невработените лица кои бараат работа, да се стекнат со вештини за истражување на можностите за кариера, вештини за барање работа и планирање на сопствениот кариерен развој.

Професионална ориентација и кариерно советување се спроведуваше преку примена на техники за проценка на карактеристиките на невработените лица, индивидуално и групно советување и планирање на кариерниот развој, изработка на кариерни планови и др.

Професионалната ориентација ги подразбира услугите на АВРМ за избор на занимање или вработување по пат на тестирање и разговор и информирање за потребите од одделни занимања, како и можностите за вработување.

АВРМ даваше поддршка на корисниците на своите услуги во развојот на вештини за кариерен развој преку следните активности:

- Давање информации (индивидуално или групно низ работилници, со користење на материјали во печатена или електронска форма);
- Користење на алатки за самопомош кои треба да им помогнат на корисниците да донесуваат одлуки и да стекнуваат вештини за управување со сопствениот кариерен развој;
- Примена на Батерија инструменти за професионална ориентација и други техники за проценка;
- Кариерно советување (групно и индивидуално) и др.

Активностите за професионална ориентација и кариерно советување ги реализираа кариерните советници во центрите за вработување преку индивидуална или групна работа со корисниците на услугите. Во 2015 година во соработка со УСАИД Проектот „Младинска мрежа за стекнување на вештини за вработување - YES мрежа" беа одржани обуки за вработените од центрите за вработување (23) за примена на Батеријата инструменти за професионална ориентација (изработена во Проектот) и за групно советување. Во ноември 2015 година отпочнаа обуки за кариерни советници за вработените од последните 7 центри за вработување (кои претходно не беа опфатени со Проектот) и дополнителни вработени од дел од другите центри за вработување.

Во текот на годината во услугата Професионална ориентација и кариерно советување учествувале 2451 невработено лице, од кои 1409 (57,49%) се жени, а 2035 (83,03%) се млади невработени лица до 29 години.

Покрај невработените лица во рамките на професионалната ориентација беа реализирани и активности со учениците од основните и средните училишта, односно професионално советување добиле 441 ученик од основни училишта и 35 ученици од завршните класови на средните училишта. Исто така, за 160 ученици од СУГС "Арсени Јовков" – Скопје беа организирани посети на АВРМ и активности преку кои учениците беа запознаени со активностите и услугите на АВРМ.

### 3.4 УСЛУГИ ПРЕКУ ИНТЕРНЕТ

АВРМ нуди услуги и по електронски пат за своите клиенти, кои имаат регистрирано корисничко име на веб порталот на АВРМ.

Бројот на регистрирани кориснички имиња на порталот на АВРМ, до крајот на 2015 година изнесувал: 11755 правни лица (приватни фирми), 18 агенции за привремени вработувања и околу 33892 физички лица.

Најчесто користена услуга од страна на физичките лица е увид во сопствената историја на работни односи (М1/М2 пријави/одјави).

Работодавачите кои имаат корисничко име на порталот, ја користат можноста за огласување на ППР, како и за пријава/одјава на вработени (М1/М2),. по електронски пат. Бројот на поднесени пријави М1 во 2015 година на овој начин е 49839 што е околу 28% од вкупно поднесените М1 пријави во 2015 година.

Бројот на посети на веб порталот на АВРМ во 2015 година изнесува над 988000 посети.

# 4. ПАРИЧЕН НАДОМЕСТОК ЗА НЕВРАБОТЕНИ ЛИЦА

Правата од осигурување во случај на невработеност се остваруваат во АВРМ, односно во соодветниот центар за вработување каде што лицето е евидентирано како невработеното лице.

Постапката и условите за остварување на правата од осигурување во случај на невработеност се уредени со одредбите од Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност.

Невработените лица кои се корисници на паричен надоместок, согласно Законот, спаѓаат во регистарот на невработени лица, односно активни баратели на работа и ги имаат законски утврдените права кои им следуваат како право по основ на невработеност.

Со состојба на 31.12.2015 година, евидентирани се 9811 невработени лица – корисници на паричен надоместок или 8,5% од вкупно евидентираните невработени лица. Споредбено со истиот период минатата година (31.12.2014) бројот на невработени лица корисници на паричен надоместок бележи намалување од 3058 или 23,7% .

Во текот на 2015 година, право на паричен надоместок оствариле 10361 невработени лица.

Од нив со право на пензиско и инвалидско осигурување биле опфатени 32 лица.

Можноста правото на паричен надоместок да се користи како поттик за вработување на корисникот (преку исплата на неисплатениот дел од паричниот надоместок) го користеле 70 лица.

Структурата на невработените лица кои оствариле право на паричен надоместок во текот на 2015 година се карактеризира со:

- поголемо учество на мажите (5524) во споредба со жените (4837);
- поголемо учество на лица со завршено средно образование (3927), без образование и со основно училиште (2516), непотполно средно училиште (1968), со завршена виша школа (327) и лица со завршено високо образование (1623); и
- поголемо учество на корисници на паричен надоместок во траење од 1 до 4 месеци (5336) споредбено со оние корисници кои ова право го користат од 5 до 12 месеци (3957).

Бројот на невработени лица кои стекнале со право на паричен надоместок до пензионирање изнесува вкупно 1068 лица.

# 5. АКТИВНИ ПРОГРАМИ И МЕРКИ НА ПАЗАРОТ НА ТРУДОТ

## 5.1 ВОВЕД

Во Оперативниот план за услуги на пазарот на трудот и активни програми и мерки за вработување за 2015 година дефинирани се видот на услугите и активните програми и мерки за вработување, целните групи, потребните средства и изворите на средствата, како и конкретните активности и рокови за субјектите надлежни за имплементација на истите, се со цел нивно успешно спроведување.

Програмите и мерките за вработување што се имплементираа во текот на 2015 година, генерално се поделени во две групи:

1. Програми и мерки за вработување кои водат кон директно вработување и имаат за цел намалување на невработеноста преку започнување на сопствени бизниси и отворање на нови работни места како и стимулирање на побарувачката на работна сила на пазарот на трудот
2. Програми и мерки за вработување кои имаат за цел стекнување и дополнување на знаењата и вештините на невработените лица заради зголемување на нивната вработливост и конкурентност на пазарот на трудот.

## 5.2 СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОПЕРАТИВНИОТ ПЛАН[3]

### 5.2.1 Програма за самовработување

Цел на програмата е намалување на невработеноста и отворање нови работни места преку поттикнување на претприемништвото и започнување на сопствен бизнис.

Програмата се реализираше преку обука на заинтересирани невработени лица за осознавање на претприемништвото, изготвување на одржливи бизнис планови, помош при регистрација на сопствен бизнис и финансиска поддршка за започнување на бизнисот и/или финансиска поддршка за формализација на постојни бизниси на евидентирани невработени лица кои имаат искуство во вршење на дејноста.

Право на учество имаа сите невработени лица регистрирани како активни баратели на работа. Кандидатите кои во претходните циклуси завршиле обука за "Претприемништво и бизнис планирање", а не биле селектирани, имаа право повторно да се вклучат во процесот на избор за доделување грант за самовработување.

Новина во 2015 година беше тоа што најуспешните кандидати кои презентираа одржливи и иновативни бизнис-планови и согласно критериумите за евалуација беа оценети за бизниси кои имаат најголем потенцијал за раст имаа можност да добијат грант во вкупен износ од 257.000,00 денари во вид на директна поддршка за набавка на опрема и/или репроматеријали.

Кандидатите кои презентираа одржлив бизнис план, кој јасно укажува на потреба од вработување на најмалку две лица за успешно функционирање на бизнисот, но и преку

---

[3] Дел од програмите и мерките од годишниот оперативен план беа реализирани во рамките на ИПА Проектот „Поддршка за вработување на млади лица, долгорочно невработени и жени (II)" – Втор директен грант за Агенцијата за вработување на Република Македонија и истите се презентирани во делот 6 - Проекти

економски и финансиски параметри ја потврдуваа одржливоста на дополнителното вработување, имаа можност да аплицираат за грант кој ќе поддржи самовработување на основачот на фирмата и дополнително вработување за најмногу 1 лице. Во тој случај, средствата на вкупниот грант изнесуваат 293.600,00 денари од што 201.600,00 денари за реализација на самовработувањето и отворање на бизнисот и 92.000,00 денари за дополнително вработено лице. Основачот на правниот субјект има обврска да го задржи дополнително вработеното лице најмалку 12 месеци.

Во реализација на сите предвидени активности директно беа вклучени АВРМ, УНДП, АППРМ и Централен регистар.

Со објавување на два јавни огласи договор за грант во форма на опрема и/или материјали за започнување на бизнисот потпишаа 947 евидентирани невработени лица, активни баратели на работа во 947 ново- отворени правни субјекти. Реализација на секое самовработување се поддржа со неповратни средства во висина на 201.600,00 денари, од кои 185.000,00 денари во вид на директна поддршка за набавка на опрема и/или репроматеријали, додека останатите 16.600,00 денари за поддршка во вид на основна обука за претприемништво и водење бизнис во времетраење од најмалку 30 часа, ваучер систем за изработка на бизнис план и поддршка при регистрирање на бизнисите

Првиот јавен оглас до невработените лица беше објавен на 18.02.2015 година, при што беа пријавени 1435 лица, 1195 пополнети прашалници. Од нив за обука беа селектирани 904 лица, посетиле обука 812 лица, од кои 728 лица успешно ја завршиле, за изработка на бизнис план селектирани се 641 лица, изработени се 622 бизнис планови, 562 лица регистрирале бизнис, а потпишале договор за користење на грантот 558 лица.

Вториот јавен оглас беше објавен на 09.06.2015 година. На истиот аплицираа 1015 лица, прашалник пополниле 879 лица. 700 лица се селектирани за обука од кои 520 лица ја посетувале обуката, а 511 лица успешно ја завршиле. Од нив за изработка на бизнис план селектирани се 433 лица, изработени се 430 бизнис планови, а фирма регистрирале 390 лица. Договор потпишале 388 лица. И двете обуки како и по првиот јавен оглас беа во траење од 30 часови, реализирани во четири дена. Истите се спроведуваа во работните клубови на центрите за вработување, од страна на надворешна консултантска агенција, ангажирана од страна на УНДП.

По првиот и вториот јавен оглас изработени се вкупно 1052 бизинс планови. Вкупно регистрирале фирми 952 лица, а потпишале договор за набавка на опрема 946 кандидати.
Дополнителни вработувања вкупно од двата јавни огласи беа реализирани за 80 лица.

Во 2015 година година беа селектирани и поддржани 13 иновативни бизниси.

### 5.2.2 Програма за самовработување на лица со инвалидност

Целта на оваа програма е да се поддржат невработени лица со инвалидност, од евиденцијата на АВРМ кои активно бараат работа во основање сопствена фирма, формализирање на веќе постоечка (неформална) дејност и во создавање дополнителни вработувања

Право на учество во програмата Самовработување на лица со инвалидност имаат сите невработени лица со инвалидност регистрирани како активни баратели на работа, при што истите стекнуваат право да добијат обука за претприемништво и развој на бизнис идеја, од нив да бидат избрани дел за поддршка за изработка на бизнис план, а невработени лица кои доставиле најдобри бизнис планови да добијат помош при регистрација на сопствен бизнис и да

добијат грант во износ од 310.000,00 денари. Исто така, лицата добиваат индивидуална поддршка преку обезбедување консултантски и менторски услуги за лицата со инвалидитет.

Кандидатите кои презентираат одржлив бизнис план, кои имаат потреба од дополнителни вработувања можат да аплицираат за грант кој поддржува самовработување на основачот на фирмата и дополнително вработување за најмногу 2 лице. Во тој случај, средствата на вкупниот грант изнесуваат 494.000,00 денари, од кои 310.000,00 денари за реализација на самовработувањето и отворање на бизнисот и 184.000,00 денари за дополнителни 2 вработувања т.е 92.000,00 денари по лице. Основачот на правниот субјект има обврска да ги задржи дополнително вработените лица во работен однос најмалку уште 12 месеци.

Воедно, по истекот на 9 месеци за кои правното лице има исплатено плати и придонеси може да поднесе барање до АВРМ за користење на средства од Посебниот фонд, согласно Законот за вработување на инвалидни лица.

Ако фирмата што е основана со грант за самовработување престане со својата дејност, основачот е должен да врати: 80% од грантот, доколку дејноста престане во рок од една година од регистрацијата на фирмата или 60% од грантот, доколку дејноста престане во рок од две години од регистрацијата на фирмата.

Лицата кои ќе ги искористат средствата за набавка на опрема и/или материјали преку Програмата Самовработување на лица со инвалидност, не може да се вратат во евиденцијата на невработени лица до истекот на рокот на договорот или се додека не го врати долгот произлезен од непочитување на одредбите во Договорот.

Во рамките на оваа програма во 2015 година се реализираа промотивни активности под мотото „Знам дека можеш". Концептот се базира на непосреден мотивирачко – охрабрувачки повик, кој има за цел да ги информира и анимира лицата со попреченост да се запознаат, а потоа и потенцијално да се вклучат во мерката. Во состав на кампањата, беа спроведени следните активности:

- Креирање на слоган и лого
- Осмислување и реализација на видео спот, кој беше емитуван на онлајн каналите https://www.youtube.com/watch?v=JXK3Rok7n4Y
- Дизајн и продукција на промотивни материјали (флаери – 5000, постери – 3000), кои беа изработени во согласност со очекувањата и стандардите за користење и на слепите лица. За првпат кај нас се изработија печатени материјали за промотивна употреба со Брајова азбука. Истите беа користени за информирање на слепите лица и дистрибуирани по поштенски сандачиња, здруженија на граѓани и центри за вработување
- Директна е-пошта. Во соработка со националните сојузи на лица со попречености, беше искористена нивната база на податоци и беше дистрибуиран до скоро 500 приматели.
- Адаптација на web содржини. За подетално информирање на лицата со попреченост со сите поединости поврзани со мерката, беа адаптирани сите пишани материјали достапни на www.samovrabotuvanje.mk. Сите клучни документи беа „преведени" и со аудио верзија и поедноставна терминологија.
- Организација на промотивен ден „Знам дека можеш' за глуви и наглуви. По повод Светскиот ден на глуви и наглуви беше организиран промотивен настан, во соработка со Националниот сојуз на глуви и наглуви каде што пред повеќе од 150 луѓе беше презентирана мерката и објаснети бенефитите, условите и очекувањата од истата

- Неколку средби со сите релевантни здруженија и невладини организации кои работат со лица со попреченост при што беше дискутирано за прогрмата, планираните активности и чекори кои ќе се преземат при реализацијата на програмата;
- Дводневна обука организирана од страна на МТСП со поддршка на Австриската Влада на која присуствуваа претставници на МТСП, АВРМ и центрите за вработување која се однесуваше за пристапот и рамката за поддршка на лица со попречености во вклучување во некои од мерките за вработување и самовработување. Исто така, беше преставен моделот на инкубатор за поддршка на почетни фирми основани од лица со попреченост;

Како резултат на подготвителните активности и успешната кампања „Знам дека можеш" до крајот на 2015 годината, постигнато е следното:

- се пријавиле 175 лица, од кои 147 кандидати се селектирани за понатамошно учество, додека останатите 28 лица се откажаа од разни причини.
- формирани се групи според профилот на кандидатите и видот на попреченост, за да се издвојат оние кандидати кои имаат потешкотии во комуникацијата и активно следење на класична обука и идентификација кои дополнителни комуникативни алатки се потребни за активно и квалитетно реализирање на тренинг материјалот;
- обуките за основите во претприемништво и бизнис планирање ќе започнат во февруари 2016 година.

### 5.2.3 Поддршка на растот на микро и мали претпријатија за создавање на нови работни места

Цел на програмата е да се поддржи создавање на работни места во микро и малите претпријатија. Во оваа програма, со неповратен грант во форма на опрема и материјали (92.000,00 денари) се поддржува создавање на нови работни места со полно работно време во претпријатија кои 1) биле регистрирани најмалку една година; 2) ги исполниле сите обврски за даноци и придонеси за социјално осигурување; 3) не го намалиле бројот на вработени во период од шест месеци пред поднесувањето на апликацијата.

Претпријатијата кои вработуваат невработени лица во рамките на оваа програма се должни да го задржат на работа субвенционираниот работник уште 12 месеци без да не го намалат бројот на вработени.

Од програмата беа изземени микро и мали претпријатија регистрирани во дејност земјоделство. Истовремено, корисниците на оваа програма беа изземени од користење на можностите, што ги уредува Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност во однос на членовите 98-а и со членот 98-б за вработување на невработено лице до 29 години.

По првата објава на огласот за аплицирање во оваа програма на 02.09.2015 година, планираниот опфат на фирми и очекувани вработувања не се постигна и поради тоа огласот повторно се објави и остана отворен за апликацирање до крајот на годината, при што заклучно со 31.12.2015 година аплицираа 136 микро и мали претпријатија кои побаруваа 227 вработувања. По процесот на селекција и посредување на вработување, од вкупниот број на фирми кои ги исполнуваат условите за учество, 77 претпријатија потпишаа договор и вработија 126 лица.

### 5.2.4 Програма за условен паричен надоместок за субвенционирано вработување на лица во социјален ризик

Целта на оваа Програма е да се поттикнат претпријатијата да вработуваат лица во социјален ризик. Предвидениот опфат на корисници за 2015 година беше 136 невработени лица од евиденцијата на активни баратели на работа во АВРМ.

Со цел да се зголемат поволностите кон заинтересираните компании, се модифицираше првичната верзија на Програмата, со тоа што се додадоа три модалитети на погодности, при што износот на субвенцијата за плата зависи од изборот на работодавачите за кој модалитет на погодности ќе се одлучи, и тоа:

I. Шест месечна субвенција на бруто плата, со обврска работникот да се задржи дополнителни шест месеци на работа

Доколку работодавачот се одлучи за овој модел на погодности, субвенцијата ќе се исплаќа во два износа – еден понизок за лицата кои немаат квалификации и еден повисок за оние лица со повисок степен на образование или кои ќе бидат вработени на места на кои се извршуваат покомплексни работни задачи. Понискиот износ на субвенцијата е бруто месечна плата од 14.900,00 денари по вработено лице, а повисокиот износ на субвенцијата е бруто месечна плата од 17.000,00 денари по вработено лице и овие износи ќе се исплаќаат во текот на првите 6 месеци од периодот на субвенционирано вработување. Дополнително на ова, во текот на првите 6 месеци од периодот на субвенционираното вработување, на работодавачот ќе му се исплаќаат по 5.000,00 денари по вработено лице преку оваа програма и истите ќе бидат наменети за покривање на трошоците за обука и материјали.

II. Шест месечна субвенција на нето плата и 60-месечно ослободување од плаќање на придонеси од задолжително социјално осигурување

Доколку работодавачот се одлучи за овој модел на погодности, субвенцијата ќе се исплаќа во два износи – еден понизок за лицата кои немаат квалификации и еден повисок за оние лица со повисок степен на образование или кои ќе бидат вработени на места на кои се извршуваат покомплексни работни задачи. Понискиот износ на субвенцијата е нето месечна плата од 10.500,00 денари по вработено лице, а повисокиот износ на субвенцијата е нето месечна плата од 11.900,00 денари по вработено лице и овие износи ќе се исплаќаат во текот на првите 6 месеци од периодот на субвенционирано вработување. Дополнително од денот на склучување на договорот за вработување .работодавачот ќе биде ослободен од плаќање на придонеси од задолжително социјално осигурување во времетраење на 60 месеци за лицата вработени преку оваа програма согласно Законот за дополнување на законот за вработување и осигурување во случај на невработеност („Службен весник на РМ“ бр.56 од 07.04.2015 година),

III. Шест месечна субвенција на нето плата и 36-месечно ослободување од плаќање на придонеси од задолжително социјално осигурување и персонален данок на доход со обврска работникот да се задржи дополнителни 12 месеци на работа

Доколку работодавачот се одлучи за овој модел на погодности, субвенцијата ќе се исплаќа во два износи – еден понизок за лицата кои немаат квалификации и еден повисок за оние лица со повисок степен на образование или кои ќе бидат вработени на места на кои се извршуваат покомплексни работни задачи. Понискиот износ на субвенцијата е нето месечна плата од 10.500,00 денари по вработено лице, а повисокиот износ на субвенцијата е нето месечна плата од 11.900,00 денари по вработено лице и овие износи ќе се исплаќаат во текот на првите 6 месеци од периодот на субвенционирано вработување. Дополнително од денот на склучување на договорот

за вработување .работодавачот ќе биде ослободен од плаќање на придонеси од задолжително социјално осигурување и персонален данок на доход во времетраење на 36 месеци за лицата вработени преку оваа програма согласно членот 98-д од Законот за дополнување на законот за вработување и осигурување во случај на невработеност („Службен весник на РМ“ бр.56). Работодавачот има обврска да ги задржи сите учесници во програмата дополнителни 12 месеци по истекот на 36 месеци од периодот на ослободување од плаќање на придонеси од задолжително социјално осигурување и персонален данок на доход

За времетраење на работниот однос на лицата корисници на социјална помош вклучени во програмата ќе им мирува правото на користење на социјална помош.

На ден 24.06.2015 година, објавен е Јавен оглас за учество во Програмата за условен паричен надоместок за субвенционирано вработување на лица во социјален ризик кој е наменет за евидентираните невработени лица кои припаѓаат на некоја целна група наведена во Јавниот оглас и до работодавачите кој ќе биде отворен се до целосно пополнување на предвидениот број на вработувања согласно оваа мерка. Со состојба до 31.12.2015 година, аплицирале вкупно 47 работодавачи кои побаруваат 136 работници. Исто така 543 невработени лица кои припаѓаат на бараните целни групи поднеле апликација во истиот период.

Во текот на месец август 2015 година, започна процесот на поврзување помеѓу работодавачите кои поднеле апликација и невработените лица кои одговараат на потребите од работодавачите, а наредниот месец започнаа да се склучуваат Договори помеѓу работодавачите и невработените лица, така што со состојба до 31.12.2015 година има 28 склучени Договори со работодавачи кои вработиле 32 лица. Реализација на Програмата продолжува во 2016 година.

### 5.2.5 Ослободување од плаќање на придонеси од задолжително социјално осигурување за вработување на невработени лица до 29 години возраст и проект Македонија вработува

Согласно член 98-б од Законот за дополнување на Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност (2014 година) и член 98-г, член 98-д и 98-ѓ од Законот за дополнување на Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност (2015 година) работодавач од приватен сектор кој по претходно поднесено барање до АВРМ ќе вработи невработено лице од одредени категории на невработени лица со полно работно време, е ослободен од плаќање на придонеси од задолжително социјално осигурување и/или персонален данок на доход.

Заклучно со 31.12.2015 година, состојбата е следната:

- 6647 деловни субјекти поднеле барање за вработување на вкупно 11364 невработени лица
- издадени потврди – 11121 (жени 5060), од кои 2973 се за вработување на млади лица до 29 години. Вкупно за проектот Македонија вработува се 8148 од кои 4292 лица се лица до 35 години, 1469 лица се на возраст од 35-50 години, 1772 се на возраст над 50 години, 117 лица се од категории ранливи групи невработени лица и 498 лица се на возраст над 58 години.

Од вкупниот број 11121, со основно образование се 2604, со средно 6331, вишо 155, високо 1864 и магистри и доктори на науки се 167 лица.

### 5.2.6 Обука на работното место со субвенционирано вработување

Целта на оваа мерка е стекнување на стручни знаења и вештини за извршување на работните задачи и поттикнување вработување на евидентирани невработени лица кои потешко

се вклучуваат на пазарот на трудот (ранливи категории на невработени лица). Оваа мерка е комбинација од стекнување стручно знаење и вештини за подобрување на продуктивноста на лицата и финансиска поддршка – субвенција за нивното вработување

За 2015 година беше планиран опфат на 476 невработени лица од евиденцијата на активни баратели на работа на АВРМ, за што беа предвидени средства во износ од 63.117.600,00 денари.

Приоритет за учество во мерката имаат следните категории на невработени лица:

- лица на возраст 50-55 години
- лица со основно образование и помалку
- млади лица до 29 години со основно образование
- долгорочно невработените
- корисниците на социјална помош и лицата од ранливите категории на население соочени со бариери на пазарот на трудот

Корисниците на социјална помош продолжуваат да добиваат парична помош во текот на обуката, при што вкупното времетраење на примање на субвенција не може да надмине 18 месеци. Ако корисникот е отпуштен пред истекот на субвенционираната програма, тој има право да се врати во регистарот на корисници на социјална помош.

Обуката на работното место трае три месеци. Работодавачот е должен да ја спроведе програмата врз основа на претходно подготвен план за обука и на учесниците во обуката да им издаде потврда за спроведената практична обука. Обучуваните лица добиваат по 6.200,00 денари месечно, со вклучено осигурување во случај на несреќа при работа и професионално заболување. По завршување на обуката на работното место, работодавачот е обврзан да ги вработи сите обучени лица за што ќе добие субвенција за вработување во форма на финансиска поддршка за бруто плата во износ од 19.000,00 денари месечно за период од 6 месеци со полно работно време, од кои 14.000,00 денари за невработеното лице и 5.000,00 денари ги задржува работодавачот, како надомест за направените трошоци за подготовка на лицето во работниот процес. Работодавачот има обврска да го задржи на работа субвенционираниот работник во следните 12 месеци и да не го намали бројот на вработените на неопределено време.

Во 2015 година, врз основа на објавени јавни огласи до невработените лица и до работодавачите, вкупно се потпишани 318 договори за обука на работното место со субвенционирано вработување со 466 лица, од кои ја завршиле обуката и склучиле договор со субвенционирање вкупно 446 лица.

### 5.2.7 Обука за задоволување на побарувани занимања на пазарот на труд кај приватни спроведувачи на обука

Целта на мерката е да се зголеми вработливоста на невработените лица преку стекнување знаења и вештини за занимања барани на пазарот на трудот. Предвидениот опфат на корисници за 2015 година беше 181 невработено лице од евиденцијата на активни баратели на работа. Обуката се реализира во период од 4 месеци кај верификувани спроведувачи на обука, при што 1 месец се изведува во реални услови кај работодавач и истата овозможува стекнување вештини и знаења за занимања барани на пазарот на трудот, утврдени од повеќе извори (податоци за локалниот пазар на труд, анализа на потребите од вештини на пазарот на трудот, анкета спроведена од страна на организацијата на работодавачи, стопанските комори и локалната власт).

Обуките ги спроведуваат приватни компании, стопански комори, занаетчиски комори и други верификувани спроведувачи на обуки.

Спроведувачите на обука добиваат максимум 30.000,00 денари финансиски надомест по обучено лице, а лицата вклучени во обуките добиваат месечен надомест од 6.200,00 денари, со вклучен персонален данок на доход и осигурување во случај на несреќа при работа и професионално заболување. По завршување на обуката и проверката на стекнатите знаења и вештини, учесниците добиваат соодветна потврда за стекнатите знаења, која ќе биде внесена во индивидуалното досие на евидентираното невработено лице.

На корисниците на социјална помош за времетраење на обуката им е активно правото на користење на социјална помош.

На објавениот јавен оглас од страна на АВРМ се пријавија 652 невработени лица, додека истовремено Центарот за образование на возрасните објави јавен оглас за верификувани спроведувачи на обука, на кој се пријавија 20 спроведувачи за 36 програми. Врз основа на бројот на пријавени лица заинтересирани за учество во обуките, од страна на техничката работна група (ТРГ) се селектираа 18 обуки во 7 града.

Прviот циклус на обуки почна со реализација на 15.05.2015 година за 17 занимања, од страна на 14 спроведувачи на обука, а беа вклучени 181 лице во 7 града и тоа: Битола, Куманово, Прилеп, Свети Николе, Скопје, Струга и Штип. Овој цилкус на обуки успешно го заврши 144 лица од кои 140 лица се стекнаа со сертификат.

Вториот циклус на обуки почна на 15.08.2015 година каде беа вклучени 30 лица за едно занимање кое се спроведуваше од страна на два спроведувачи на обука во Скопје. Обуката успешно ја заврши 27 лица, а 26 се стекнаа со сертификат.

Севкупно, обуката успешно ја заврши 171 лице, а 166 се стекнаа со соодветен сертификат.

### 5.2.8 Обука за напредни ИТ вештини

Мерката има за цел да се надградат вештините на евидентирани активни баратели на работа со завршено средно или високо образование во областа на информатичката технологија, со цел да се зголеми нивната конкурентност и можности на пазарот на трудот. Предвидениот опфат на корисници за 2015 година беше 270 невработени лица од евиденцијата на активни баратели на работа.

Обуката ги вклучува следниве програмски пакети:

• Java Programmer SE7 (110 лица);
• MCSD: Web Applications (110 лица);
• CAD (50 лица)

Обуките се организираат во Скопје и во други градови, каде има лиценцирани спроведувачи на обуки. Изборот на невработените кандидати е дел од обврската на обучувачките центри, кои треба да направат претходна проверка на соодветните ИТ вештини, врз основа на дефинираните критериуми од страна на МИОА. Времетраењето на обуката е од 3 до 6 месеци. По завршување на обуките, лицата добиваат уверение за посетувана обука и полагаат завршен испит за стекнување со меѓународен сертификат. Полагањето на завршниот испит за програмските пакети треба да се реализира во рок од 3 месеци од завршување на обуките, а за лицата кои завршиле обуки од програмските пакети кои се лиценцирани од страна на Microsoft, ќе им биде овозможено повторно полагање на завршен испит доколку не го

положиле истиот. Повторното полагање на испитот се овозможува во период од 3 месеци од датумот кога е направено првото полагање на завршниот испит.

Лицата кои биле корисници на оваа мерка во претходните години, не може повторно да бидат вклучени во обуката.

На корисниците на социјална помош  за времетраење на обуката ќе им биде активно правото на користење на социјална помош.

Во 2015 година, обуките беше предвидено да се реализираат во две фази:

Во I фаза планиран опфатен е 220 евидентирани невработени лица преку ИПА Проектот „Поддршка за вработување на млади лица, долгорочно невработени и жени (II)", и тоа за првите два програмски пакети:

• Развивање на мрежи во JAVA Programmer SE7  (110 лица);

• MICROSOFT MCSD: Web Applications (110 лица).

Во текот на месец јуни 2015 година заврши постапката за аплицирање на обучувачките центри и во месец јули 2015 беше избрана фирма (обучувачки ценатар) која ги спроведува обуките. Исто така, во текот на месец јуни 2015 година беше објавен јавен оглас за долгорочно невработените лица за учество во обуките за напредни ИТ вештини, отворен до пополнување на предвидениот број на кандидати. Во текот на месец септември 2015 година спроведени се тестирањата на селектираните кандидати кои аплицирале на огласот за обуки за напредни ИТ вештини и резултатите од тестирањето  се објавени на веб странатa на АВРМ. Вкупниот број на кандидати кои го положија пред-тестот и можеа да бидат вклучени во обуките е 78. Јавниот оглас до заинтересираните долгорочно невработени лица е сеуште отворен.

Бројот на невработените лица вклучени во обуките за напредни ИТ вештини за JAVA и MCSD е 55. Во текот на јануари 2016 нова група од 49 невработени лица ќе биде вклучена во  пред-тестирање, по кое најдобро - рангираните кандидати ќе бидат вклучени во обуките.

Во II фаза планиран опфат е 50 евидентирани невработени лица за третиот програмски пакет (CAD). Со оглед на тоа што CAD опфаќа широка палета на програми за обука, АВРМ достави допис до МИОА со цел да се прецизираат обуките кои треба да се опфатат во 2015 година.

МИОА во соработка Стопанска комора за информатички и комуникациски технологии (МАСИТ), Сојузот на стопански комори на Македонија и Стопанската комора на Македонија, спроведе анализа, при што како најкористени и побарувани на пазарот на трудот од широката палета на CAD програми се наведени:

- Maya
- AutoCAD
- Revit

Во рамките на реализација на втората фаза, во текот на месец октомври 2015 година се спроведоа активности за избор на лиценцирани ИТ обучувачки центри, по што е донесена одлука за најповолен понудувач.

Во текот на месец ноември се објави јавен оглас до невработените лица за учество во бесплатните CAD обуки за напредни ИТ вештини и истиот траеше до 07.12.2015 година. По однос на јавниот оглас, аплицираа вкупно 92 заинтересирани невработени лица.

Согласно планот за реализација на мерката, до крајот на месец декември 2015 година, се спроведе прелиминарно тестирање на пријавените кандидати, по кое 35 кандидати успешно го положија пред-тестот и можат да почнат да следат обука. Доколку не се пополни предвидениот број од 50 кандидати, планирано е да се продолжи јавниот оглас се до целосно пополнување. Реализацијата на мерката продолжува и во 2016 година

### 5.2.9 Анкета за потреба од вештини на пазарот на трудот

Целта на мерката е да им се понуди на младите невработени лица учење и стекнување работно искуство во спроведување анкети, при што овие лица се ангажираат во определен временски период за телефонско анкетирање на работодавачи за нивните потреби од вештини на пазарот на труд преку "мини контакт - центар".

Ангажираните лица добиваат по 6.200,00 денари месечно, што вклучува персонален данок на доход и осигурување во случај на несреќа при работа и професионално заболување. По завршувањето на мерката, лицата добиваат сертификат. На корисниците на социјална помош за времетраење на мерката им е активно правото на користење на социјална помош.

Во 2015 година, беа склучени 26 договори со млади лица до 29 години и по завршувањето на анкетата беа доделени сертификати за учество во мерката Анкета за потреба на вештини на пазарот на трудот.

### 5.2.10 Програма за општинско-корисна работа

Цел на оваа програма е да обезбеди социјална вклученост на потешко вработливи лица заради стекнување на одредени вештини и нивно постепено вклучување на пазар на труд.

Предвидениот опфат на корисници беше 300 евидентирани невработени лица. Оваа програма е насочена кон невработените лица евидентирани во регистарот на АВРМ, кои им припаѓаат на ранливите групи на население, вклучувајќи ги и корисниците на социјална помош. Невработените лица се ангажирани со скратено работно време (20 работни часа неделно во период од шест месеци), при што обезбедуваат услуги за потребите на граѓаните од локалната заедница, истовремено стекнувајќи работно искуство и професионални вештини кои во иднина ќе ја зголемат нивната вработливост.

Месечниот надомест изнесува 6.200,00 денари за лице, што вклучува персонален данок на доход и осигурување од случај на несреќа при работа и професионално заболување. На корисниците на социјална помош за времетраење на работниот ангажман им е активно правото на користење на социјална помош.

На почетокот на месец март 2015 година, беше испратена покана до сите ЕЛС за учество на информативни средби за промоција на оваа Програма, како и за споделување на досегашните искуства и резултати.

Во периодот од 18.03 до 01.04.2015 година, УНДП организираа вкупно 4 информативни средби за промоција на Програмата (Прилеп, Штип и 2 во Скопје), на кои покрај ЕЛС, свое присуство обезбедија и поголемиот дел од подрачните единици на Центрите за социјална работа и на Центрите за вработување.

Вкупно 44 општини поднесоа апликации, што претставува пораст од 32% во споредба со 2014 година, а 15 општини поднесоа предлог апликација за ОКР за прв пат.

За реализација на оваа програма, во ОП 2015 беа издвоени 11.160.000,00 денари за работно ангажирање на 300 невработени лица од евиденцијата на АВРМ на активни баратели на работа. Дополнително 2 општини обезбедија свое учество за ангажирање на 9 лица и УНДП обезбеди дополнителни средства за ангажирање на 9 лица, со што вкупчниот број на ангажирани невработени лица преку Програмата Општинско корисна работа достигна 318 лица.

По разгледувањето на доставените апликации, селектирани се 43 општини во кои е планирано ангажирање на 309 невработени лица од ранливите категории.

На ден 11.05.2015 започнаа промотивните активности по општините, а огласите за пријавување на невработените лица и крајни корисници беа отворени во периодот од 11.05.2015 до 22.05.2015

Договори се потпишаа со 42 ЕЛС (бидејќи во меѓувреме општина Велес се откажа од понатамошно учество) така што, вкупно 318 лица беа работно ангажирани.

Од вкупно ангажирани 318 невработени лица, 76 или 23,9% беа мажи и 242 или 76,1% жени. Програмата поддржа реализација на 85 видови на активности/услуги на локално ниво, со кои беа опфатени 12030 крајни корисници т.е. 5899 мажи, 6038 жени, а дополнително 93 родители и членови на социјално загрозени семејства беа информирани за придобивките од вклучувањето на децата во претшколското образование и образовниот систем.

Видот на услуги што се испорачуваат на локално ниво со Програмата Општинско корисна работа се групирани во 4 главни категории и тоа:

1. обезбедување/ надополнување на услуги во социјалната сфера во надлежност на локалната самоуправа:
- здравствени услуги за стари лица, лица со оштетен вид, лица со оштетен слух, лица со пречки со телесен, ментален и/или комбиниран инвалидитет, материјално необезбедени деца и лица, за деца и други корисници,
- услуги за грижа за преку обезбедување на дневно згрижување во дневен центар, давање помош во домашни услови, помош во натура преку донации и друг вид на грижа и
- воспитно- образована дејност за деца на претшколска возраст, деца од материјално необезбедени семејства, социјално исклучени и останати категории граѓани на кои им е потребно базично описменување, едуцирање и слично.
2. надополнување на човечкиот капитал во одделни институции/ организации
- при воведување на нов систем за обезбедување услуги,
- проширување на опфатот на обезбедени услуги
- преку давање дополнителни информации
3. поголема грижа за животната средина (информирање на жителите за придобивките од користење соодветни препарати за заштита на земјоделските/ овоштарските култури и поволностите по здравјето, информирање за придобивките од соодветно користење на водните ресурси итн.)
4. развој на општината и друго (информирање за нови методи, нови услуги, нови институции, нови установи, нови планови, развојни стратегии помеѓу жителите на општината)

Најголем број општини реализирале активности со кои обезбедиле поголем опфат на крајни корисници со социјални услуги за кои имаат недоволен човечки капацитети или пак во активности со кои ги надополниле активностите кои се реализираат во локалните институции (на пр: воведување глума, спорт, танц во дневните центри за деца и лица со посебни потреби и сл.)

### 5.2.11 Обука за надополнување на вештини за градење енергетско-ефикасни згради

Целта на програмата е зголемување на вработливоста на евидентираните невработените лица преку стекнување на вештини за мерки на енергетска ефикасност, согласно искажаните потреби за работна сила од страна на градежните претпријатија.

Обуката беше насочена кон невработени лица со градежна подготовка за занимањата фасадери, столари, кровопокривачи, електричари-инсталатори и работници за греење, ладење и вентилација, со цел да се обезбедат вештини за енергетски-ефикасни инсталации.

Опфат на корисници беше 50 невработени лица од евиденцијата на АВРМ на активни баратели на работа.

Носител на проектот е Стопанската комора на Македонија, а партнери во имплементација се Центарот за образование на возрасните во партнерство со Центарот за обука на Стопанската комора, Електро-техничкиот факултет и Факултетот за информатички технологии, Асоцијацијата за бизнис и консултанти „Креација", ЦеПроКард и Факултетот за економија и бизнис менаџмент.

Оваа 10-дневна обука имаше за цел подобрување на вештините за енергетски-ефикасни инсталации кај невработените лица со искуство во занимања како што се изработка на фасади, столарија, покриви, електрични инсталации, греење, ладење и вентилација. Учесниците добиваат надоместок од 6.200,00 денари за периодот на обука, а давателите на обуката добиваат грант од 6.200,00 денари за секој учесник. Програмата за обука предвидува 5 дена теоретска настава и 5 дена практичната работа кај градежни компании кои учествуваат во проектот. По завршувањето на обуката учесниците добиваат сертификат.

Согласно планот во 2015 година реализирани се следните активности:

- Изработени се Тренинг програмите и отпечатени тренинг материјали за обуките за сите 5 занимања. Прирачниците прикачени на www.beet.mk.
- Изработени се Дневните редови и испитните прашања за добивање сетификат
- Направена е селекција на 200 пријавени кандидати за тренери за 5 занимања од градежна струка,
- Реализирани 10 дневни обуки за тренери за вештини за градење енергетски ефикасни згради за следните занимања:
  - Фасадери 4 групи x 10 кандидати= 40
  - Кровопокриваchi 4 групи x 10 кандидати= 40
  - Столари 4 групи x 10 кандидати= 40
  - Електротехничари 4 групи x 10 кандидати= 40
  - Инсталатери за греење, ладење и вентилација 3 групи x 10 кандидати= 30
- Доделени 190 Уверенија на учесниците за посетена обука за енергетски ефикасни згради,
- Спроведен испит за тренери и сертификација на 172 тренерите,
- Фасадери 35,
- Кровопокривачи 35,
- Столари 35,
- Електротехничари 35,
- Инсталатери за греење, ладење и вентилација 24,
- Се доделија и сертификати на 20 инструктори за обука на тренери и на 180 тренери за 5 занимања (фасадери, кровопокривачи, столари, инсталатери на греење и ладење и инсталатери ан електрични инсталации).
- Се објави јавниот оглас до невработените лица и се изврши селекција на пријавените кандидати.
- Се направи селекција на 50 кандидати за петте занимања.

Напомена: Планираниот рок за завршување на обуки беше Декември 2015 година. Но поради усогласување на проектните активности и големиот интерес за мерката препознавање на претходно знаење, активностите за обуката се поместија за два месеци.

### 5.2.12 Пилот програма – Инкубатор на занаетчии

Целта на програмата е намалување на невработеноста и отворање нови работни места од областа на занаетчиството, преку формализирање и/или основање на сопствени бизниси и нивно здружување во заеднички просторни капацитети (инкубатор) со цел обезбедување на поволни услови за нивен раст.

Програмата се реализира преку обука за претприемништвото, поддршка при основањето на сопствен занаетчиски бизнис и сместување во заеднички просторни капацитети. Корисниците се поддржуваат со финансиски средства за набавка на опрема и/или материјали, сметководствени услуги и плаќање на закуп за работните и продажните простории од инкубаторот.

Право на учество во пилот програмата за инкубатор на занаетчии имаа сите невработени лица регистрирани како активни баратели на работа кои се бават со занаетчиска дејност и при тоа имаат желба својот бизнис да го лоцираат во заеднички просторни капацитети - инкубатор.

За лицата за коишто во процесот на аплицирање во програмата Самовработување се утврди дека имаат познавање и вештини за некој занает или преку оваа програма ќе го формализираат постојниот занаетчиски бизнис, се обезбедија вкупно 201.600,00 денари. Од тие средства, 185.000,00 денари во вид на директна поддршка служат за набавка на опрема и/или репроматеријали, додека останатите 16.897,00 денари за поддршка во вид на основна обука за водење бизнис во времетраење од најмалку 30 часа, ваучер за изработка на бизнис план и поддршка при регистрирање на бизнисите. Дополнително за овие занаетчии, преку програмата се обезбедија деловни простории со платен закуп и сметководствени услуги за првата година од основањето на правниот субјект.

За сите новоотворени занаетчиски бизниси вклучени во инкубаторот, важат обврските и санкциите од Програмата Самовработување. За овие корисници во првата година, покрај деловните простории и бесплатниот закуп, се обезбеди континуирана бесплатна сметководствена услуга, поддршка во развивање и унапредување на информатичко–технолошки решенија, како и современи и модерни дизајнерски решенија за нивните производи.

По извршената селекција, потпишани се 3 договори со 3 занаетчии.

## 5.3 КРЕДИТИ

### 5.3.1 Проект за самовработување со кредитирање

Проектот за самовработување со кредитирање е проект на Владата на Република Македонија. Цел на проектот е на заинтересираните невработени лица кои сакаат да започнат сопствен бизнис или да го легализираат својот неформален бизнис да им се овозможи поволен кредит со што ќе се отворат нови работни места со цел самовработување.

Корисници на кредит може да бидат евидентирани невработени лица без оглед на времетраењето на невработеноста, односно активни баратели на работа кои се на евиденција 1 ден пред објавување на јавниот оглас.

За дејности од помал обем се доделуваат по 3.000 евра (во денарска противвредност), за секое новоотворено работно место при што се финансираат проекти со најмногу 3 работни места односно до 9.000 евра (во денарска противвредност). За дејности од поголем обем за кредитобарателот се доделуваат по 5.000 евра (во денарска противвредност), а за секое новоотворено работно место по 3.000 евра, при што се финансираат проекти со најмногу 5 работни места односно до 17.000 евра (во денарска противвредност).

Во текот на 2014 година во Проектот за самовработување со кредитирање се направија измени со цел овозможување на подобри услови за младите лица до 29 години, при што за кредитобарателот се одобруваат по 7000 евра, а за секое новоотворено работно место дополнителни 1000 евра на основниот износ од 3000 евра (вкупно по 4.000 евра за секое новоотворено работно место), при што се финансираат проекти со најмногу 5 работни места, односно до 23000 евра.

АВРМ во 2015 година во 10 наврати објави јавен оглас до невработените лица и десет огласи за младите лица до 29 години. На огласите поднеле барање вкупно 1723 лица, од кои 723 се млади лица до 29 години.

Од страна на Управниот Одбор на Проектот одобрени се барањата на вкупно 1058 кредитобаратели за вработување на 1256 лица, од кои 484 кредитобаратели за вработување на 569 лица се од барањата од млади лица до 29 години.

Од барањата кои се одобрени, склучени се договори со вкупно 1192 лица, од кои 555 договори се со млади лица до 29 години. За дел од лицата кои склучиле договори за кредит, во тек е исплата на кредитите од страна на деловните банки (НЛБ Тутунска банка АД Скопје, Охридска банка АД Скопје, Комерцијална банка АД Скопје, Халк банка АД Скопје и Стопанска банка АД Битола).

Во 2014 година, на јавните огласи објавени до невработените лица, барање поднеле вкупно 1949 лица. Склучени се договори со вкупно 1161 лица (396 се млади до 29) од кои 217 договори (112 се млади до 29) се склучени во 2015 година.

Сумирајќи ги погоренаведените податоци од 01.01-31.12.2015 (вкупно за 2014 и 2015 година) склучени се вкупно 1409 договори (1192+217).

### 5.3.2 Кредитирање на правни субјекти (микро и мали претпријатија) за отворање на нови работни места

Во 2015 година АВРМ објави 10 јавни огласи за реализација на овој проект. Барање за учество имаат поднесено вкупно 252 правни субјекти за вработување на 366 невработени лица. До 31.12.2015 година склучени се вкупно 117 договори со работодавачи за вработување на 154 невработени лица .

АВРМ во 2014 година има објавено девет јавни огласи до правните субјекти. На овие огласи барање за учество во овој проект имаат поднесено вкупно 366 правни субјекти за вработување на 543 невработени лица. До 31.12.2014 година склучени се 190 договори за врабтување на 251 неваботени лица.

Во 2012 и 2013 година, барање за учество на овој проект поднеле вкупно 630 правни субјекти за вработување на 1036 невработени лица. Склучени се договори со вкупно 315 правни субјекти за вработување на 507 неваботени лица .

Сумирајќи ги погоренаведените податоци од 01.01.2013 до 31.12.2015 година (вкупно за 2013, 2014 и 2015 година) склучени се 622 договори за вработување на 912 невработени лица.

Агенцијата за вработување на РМ во 2014 година има објавено 6 јавни огласи до правните субјекти почнувајќи од месец мај истата година, кога и се донесе одлука за имплементација на овој проект. На овие огласи барање за учество имаат поднесено вкупно 210 правни субјекти за вработување на 316 невработени лица. Склучени се вкупно договори 109 работодавачи за вработување на 140 невработени лица до 29 годишна возраст. Оваа година се вработиле вкупно 131 лице.

Во 2015 година објавени се вкупно десет јавни огласи. Барање за учество на овој проект имаат доставено 271 правни субјекти , за вработување на 404 невработени лица. Склучени се 124 договори за врабтување на 167 неваботени лица. Во 2015 година вработени се вкупно 117 невработени млади лица до 29 годишна возраст. Се очекува дека значителен број на договори потпишани во 2015 година ќе бидат реализирани во 2016 година .

## 5.4 ПОСЕБЕН ФОНД

Посебните услови и погодности за вработување и работење на инвалидните лица се уредени со Законот за вработување на инвалидни лица, додека условите и начинот на доделување на средствата од Посебниот фонд се пропишани со Правилникот за критериуми и начинот на доделување на средствата од Посебниот фонд за обезбедување на услови за вработување и работење на инвалидните лица.

Со овој вид на активна мерка се стимулира одржливоста на вработеноста на инвалидните лица, како и поттикнување на работодавачите да го зголемуваат бројот на вработувања на оваа категорија невработени лица.

Во рамки на расположливите финансиски средства од Посебниот фонд, се доделуваат неповратни средства за:

- Вработување на инвалидно лице на неопределено време;
- Адаптација на работно место;
- Набавка на опрема;
- Работно оспособување на инвалидни лица заради вработување.

| Посебен фонд | Број на поднесени барања | | Одобрени во периодот за известување | |
|---|---|---|---|---|
| | Број на работодавачи | Број на инвалидни лица | Број на работодавачи | Број на инвалидни лица |
| Барање за неповратни средства за вработување на инвалидни лица | 144 | 219 | 82 | 121 |
| Барање за адаптација на работно место | 1 | 1 | 1 | 1 |
| Барање за набавка на опрема | 23 | | 83 | |
| Барање за работно оспособување на вработени и невработени инвалидни лица | | | | |
| ВКУПНО | 168 | 220 | 166 | 122 |

Донесувањето на Решенија за доделување на средства од Посебниот фонд е во надлежност на Управниот одбор на АВРМ. Против решението на Управниот одбор, може да се изјави жалба до Министерството за труд и социјална политика во рок од осум дена од денот на добивање на решението.

# 6. ПРОЕКТИ

Во текот на 2015 година АВРМ беше вклучена во спроведувањето на Повеќегодишната оперативна програма за развој на човечки ресурси 2007-2013, ИПА-Инструментот за претпристапна помош. Се спроведуваа активности во рамките на компонентата 4 во делот што се однесува на вработувањето.

Целта на компонентата за развој на човечки ресурси е да и помогне на земјата во развојот и јакнењето на административниот капацитет за управување, имплементација, следење и контрола на средствата од Европскиот социјален фонд (ЕСФ).

Во 2015 година, АВРМ ги имплементираше следните проекти:

<u>ИПА Проект „Поддршка за вработување на млади лица, долгорочно невработени и жени (II)“ - Втор Директен Грант на Агенција за вработување на Република Македонија</u>

Договорот за Вториот Директен Грант - ИПА проектот „Поддршка за вработување на млади лица, долгорочно невработени и жени (II)“ на Агенцијата за вработување беше потпишан на 19.12.2014 година.

Општата цел на проектот е полесно интегрирање на пазарот на трудот на младите лица, долгорочно невработените и жените. Специфична цел на проектот е да ја зајакне вработливоста на невработните лица со развивање на нивните компетенции (знаења и вештини). Со вториот директен грант се предвидени 4730 невработени лица- активни баратели на работа, да земат учество во една од трите компоненти :

1. Практична работа
   -Практиканство (1000 невработени лица)
   -Обука за познат работодавач (1000 невработени лица)
2. Обука за општи вештини
   -Обуки за странски јазици (1000 невработени лица)
   -Основни обуки од областа на ИТ (1000 невработени лица)
3. Обука за занимања барани на пазарот на трудот. (500 невработени лица)

Проектот започна со имплементација на 01.03.2015.

Вкупниот буџет на проектот е 2.016.205,14 евра (ИПА [85%] во износ од 1.713.774,37 евра и национално ко-финансирање во износ од 302.430,77 евра). Времетрањето на проектот е 24 месеци.

Заклучно со 31.12.2015 година реализирани се следните активности:

<u>Компонента 1 - Практични обуки за невработените лица</u>

<u>*Поткомпонента 1.1 – Практиканство како поддршка за вработување на млади лица до 29 години*</u>

Целта на оваа мерка е да се подобрат перспективите за вработување на младите лица, согласно потребите на пазарот на трудот. Очекуван резултат е 1000 млади лица на возраст до 29 година со завршена тримесечна практична обука и подобрени перспективи за вработување.

Постигнат резултат во периодот од започнување на проектот до 31.12.2015 - 1218 поднесена апликација од фирми кои аплицираат за вкупно 1951 лица; 2406 поднесени апликации од невработени лицалица; број на склучени договори - 1000.

Вкупниот број на вработени практиканти заклучно со 31.12.2015 е 111. Овој процент на вработени лица ќе контрибуира заедно со останатите мерки за достигнување на таргетот од 30% вработени лица по завршување на ИПА проектот.

*<u>Под компонента 1.2 – Обуки за вештини барани од познат работодавач</u>*

Целта на оваа активност е да се обучат невработените лица со специфични професионални вештини согласно потребите на работодавачите во насока за подобрување на нивните перспективи за вработување и нивно вработување. Особено, невработените лица со ниско ниво и несоодветно ниво на вештини ќе бидат вклучени во обуките за стекнување вештини барани од познат работодавач, во насока за подобрување на нивните перспективи за вработување.

Очекувани резулати: 1000 невработени лица со стекнати специфични професионални вештини за вработување преку обуки на работно место, од кои 50% ќе се вработат. Постигнат резултат во периодот од започнување на проектот до 31.12. 2015 - број на апликации од фирми: 191 кои аплицираат за вкупно 558 лице; број на апликации од лица-активни баратели на работа: 449; Склучени договори: со невработени лица - 233, со компании - 95.

Преку оваа мерка до крајот на декември 2015 година вкупно се вработени 73 лица.

<u>Компонента 2 – Обуки за општи вештини</u>

Целта на оваа активност е да се поддржат невработените лица за стекнување на основните компјутерски и јазични вештини кои ќе им помогнат за подобрување на нивната конкурентност на пазарот на трудот и подобро адаптирање на промените во насока за нивно вработување.

Очекувани резултати: 2000 невработени лица ќе бидат вклучени во обуките за општи вештини од кои 70% ќе се стекнат со основни вештини - компјутерски и јазични вештини (1000 невработени лица ќе бидат вклучени во обуки за стекнување на вештини за странски јазици и 1000 невработени лица ќе бидат вклучени во обуки за основни компјутерски вештини).

Во периодот од започнување на проектот до 31.12.2015 на огласот аплицирале 1825 лица за учество на обука за странски јазици и 847 лица аплицирале за учество на обуки за основни компјутерски вештини.

<u>Обуки за основни компјутерски вештини:</u>

Имплементирањето на овие обуки е започнато во Скопскиот и Пелагонискиот регион, додека изборот на тренинг провајдери кои ќе ги спроведуваат овие обуки во останатите 6 региони е во тек.

Вкупниот број на лица кои учествуваат на овие обуки заклучно со 31.12.2015 е 176 невработени лица (107 од Скопски и 69 од Пелагониски регион).

<u>Обуки за странски јазици</u>

Избрани се тренинг провајдери кои ќе ги спроведуваат овие обуки во: Вардарски, Пелагониски, Полошки, Североисточен и Скопски регион, и обуките планирано е да започнат во февруари 2016. Тендерска постапка за избор на тренинг провајдери за останатите 3 региони ќе се изврши во почетокот на 2016 година.

<u>Компонента 3 - Обуки за вештини барани на пазарот на труд</u>

Целта на оваа активност е да се обучат дополнително невработени лица со професионални вештини барани на пазарот на трудот.

Очекувани резултати: 720 невработени лица обучени за професионални вештини барани на пазарот на труд, од кои 70% ќе се стекнат со специфични професионални вештини барани на пазарот на трудот (500 невработени лица да се стекнат со специфични професионални вештини согласно потребите на пазарот на трудот и 220 невработени лица да се стекнат со напредни компјутерски вештини). На 15.06.2015 беше објавен огласот за изразување на интерес за невработени лица за напредни ИТ вештини. На 20.06.2015 беше објавен огласот за изјавување на интерес за невработените лица за учество во обуки за занимања побарувани на пазарот на трудот. Во периодот од започнување на Проектот до 31.12.2015 на огласот аплицирале 284 лица за обука напредни ИТ вештини и 656 лица за вештини побарувани на пазарот на трудот.

Во тендерска постапка направен е избор за тренинг провајдер за напредни ИТ вештини, реализирани се три пре-тестирање на кандидатите и започнато е со спроведувањето на обуките. Во обуките за напредни ИТ вештини во периодот до 31.12.2015 вклучени се вкупно 60 невработени лица.

Во тек е избор на тренинг провајдер за занимања побарувани на пазарот на трудот.

Твининг Проект „Поддршка на Агенцијата за вработување за имплементација на активни мерки и услуги на пазарот на трудот“ (МК10/IB/SO/02)

АВРМ продолжи со имплементација на Твининг Проектот „Поддршка на Агенцијата за вработување за спроведување на активни мерки на пазарот на трудот и услуги“, кој се спроведува од страна на Федеративното министерство за труд и социјални работи на Германија во конзорциум со Министерството за социјална заштита и труд на Литванија, а корисник на проектот е АВРМ.

Официјалното отворање на проектот се одржа на 3 септември 2014 година.

Општа цел на проектот е да го подобри квалитетот, ефикасноста и ефектите од услугите кои ги нуди АВРМ за вработување на своите клиенти во поглед на намалување на невработеноста и да се спречи на лицата кои работат да станат невработени.

Специфична цел е понатамошно зајакнување на капацитетите на АВРМ во насока на развивање, имплементирање и обновување на активните мерки и програми за вработување и услуги со што ќе го олеснат пристапот на невработените луѓе на пазарот на трудот.

Очекувани резултати од проектот:

- Градење на капацитетите на АВРМ за оценување на релевантноста, ефикасноста и резултатите од спроведените активни политики и мерки на пазарот на трудот во поглед на потребите на невработените и работодавачите;
- Зајакнат капацитет на АВРМ за развој и отпочнување на нови активни политики и мерки на пазарот на трудот;
- Претставување на нови активни политики и мерки на пазарот на трудот низ целата земја и/или подобрување на веќе постоечките;
- Зајакнат капацитет на АВРМ за спроведување на активни политики и мерки на пазарот на трудот финансирани од ИПА;
- Подобрени услуги на АВРМ со продолжување на нејзината модернизација

Во рамките на проектот се произведе алатка за следење на имплементација на активните мерки за вработување. Во делот за известување на процесот на следење се изработија пример извештаи од спроведени четири активни мерки за вработување.

Со Твининг проектот се имплементираа следните пилот мерки:

1. Пилот мерка, регион Тетово во областа на металската индустрија
2. Пилот мерка, регион Скопје во областа на плетење и везење
3. Пилот мерка, регион Битола во областа на комјутерска ИТ технологија
4. Пилот мерка, регион Куманово и Старо Нагоричане каде се опфатени повеќе занимања (чевлари, фризери, молери, гипс картон, реставратори)

Овие четири пилот програми беа имплементирани од страна на центрите за вработување во соработка со социјалните партнери од регионот. За секоја од Програмите беше предвиден буџет од 10.000,00 евра.

Во рамките на Твининг проектот се организираа повеќе обуки за повеќе од 600 лица вработени во Агенцијата за вработување. Обуките се организираа на разни теми од делокругот на работата на Агенцијата, како што се: Обука за проценка и евалуација на активни мерки, Обука за успешно користење на ИПА фондовите, Обука за Европската регулатива, Обука за соработка со работодавачи, Обука за изработка на Индивидуални планови за вработување и профилирање, обуки за менаџмент на време, обуки за менаџмент на тимови и други обуки.

Твининг проектот учествуваше и во изработка на Оперативниот План за активни мерки за вработување и услуги за 2015 година, како и за предлог мерки и изработка на Третиот Грант на Агенцијата за вработување на Република Македонија.

<u>ИПА Проект „Зајакнување на финансискиот менаџмент и системот за внатрешна контрола на Агенцијата за вработување“.</u>

Проектот „Зајакнување на финансискиот менаџмент и системот за внатрешна контрола на Агенцијата за вработување“ е финансиран во рамките на Оперативната програма за развој на човечки ресусри 2007-2013 година во рамките на Инструментот за пред-пристапна помош (ИПА) компонента 4.

Проектот има за цел да ја подобри ефективноста на внатрешните контроли и финансискиот систем за менаџмент на Агенцијата за вработување, што ќе допринесе кон соодветно, етичко, економско, ефикасно и ефективно менаџирање на јавните средства кои се користат за имплементација на активните мерки и услугите согласно регулативата.

Проектот треба да овозможи подобрување на ефективноста на внатрешната конторла и системот за финансиски менаџмент на АВРМ, преку спроведување на следните активности:

- Извештаи за спроведената проценка на ризици и идентификација на недостатоците на системите за внатрешна контрола.
- Акциски план за надминување на ризици и за воспоставување на контролни процедури
- Разгледување на методологија за улогата на внатрешната ревизија и контролен механизам
- Спроведување на обуки за внатрешна ревизија
- Изготвување на процедури за внатрешна контрола
- Изготвување на Стратегија за управување со ризици, насоки и акциски план за управување со ризици
- Обуки за вработените во АВРМ за спроведување на внатрешна ревизија и внатрешна контрола
- Тренинг сесии за вработените од АВРМ за подготовка на годишниот финансиски извештај и верификација на трошоците

- Работилница во соработка со Секторот за централно финансирање и склучување договори при Министерство за финансии, Национален Координатор за авторизација Министерство за труд и социјална политика.

Во рамките на проектот во 2015 година се изработија првите нацрт верзии од документите: Процедури за внатрешна контрола, Прирачник за внатрешна контрола, Методологија за управување со ризици, Регистар на ризици, Нацрт Извештај за спроведена проценка на ризици и идентификација на недостатоците на системите за внатрешна контрола, Акциски план за надминување на ризици и регистар на ризици и друго.

Во 2016 година е планирано да се финализираат документите и да се усвјат од страна на Агенцијата за вработување, како и да се организираат обуки за управување со ризици и обука за подготвување на финансики извештај и верификација на трошоци.

<u>Програма за билатерална соработка 2015-2016 година помеѓу Министерство за труд и социјална политика на Република Македонија и ГИП Интернационал Министерство за труд, вработување, професионална обука и социјален дијалог на Франција</u>

Оваа програма за соработка спаѓа во рамките на продолжувањето на претходните програми потпишани помеѓу ГИП Интернационал (Министерството за труд, вработување, професионална обука и социјален дијалог на Франција) и Министерството за труд и социјална политика на Република Македонија.

Активностите за соработка со ГИП Интернационал пред сѐ имаат за цел да ги придружуваат општествените промени што се јавуват како резултат на процесот на проширување на Европската унија со нови членки. Овој процес на проширување несомнено создава нови потреби кај засегнатите земји особено во областа на социјалната политика.

Со цел да им излезе во пресрет на новите потреби на земјите кандидатки во областа на социјалната политика, ГИП Интернационал ги насочи своите активности кон споделување на демократските практики, почитување на социјалните норми, промовирање на концепт за развој заснован на социјален дијалог, поддршка на политиките за обука насочени кон вработувањето, борба против сиромаштијата, дискриминацијата и социјалната исклученост.

Активностите во рамките на соработката помеѓу ГИП Интернационал (Министерството за труд, вработување, професионална обука и социјален дијалог на Франција) и Министерството за труд и социјална политика на Република Македонија, која започна во 2006 година, се усогласени со стратешките цели дефинирани од страна на македонската Влада во областа на трудот, вработувањето, безбедност и здравје при работа и професионалната обука.

Оваа соработка има за цел да му обезбеди на македонското Министерство за труд и социјална политика техничка помош што може да го поддржи и олесни структурниот развој, кој станува неопходен поради националната и меѓународната економска и социјална средина. Освен тоа, соработката помеѓу ГИП Интернационал и македонското министерство има и за цел да придонесе кон приближување на македонското законодавство и политики кон европските норми.

Според потребите на Министерството за труд и социјална политика и во координација со ГИП Интернационал-Франција, во оваа Програма се предвидени активности кои спаѓат во рамките на однапред дефинираните стратешки политики во областите на трудот и вработувањето, а во исто време ќе бидат и продолжување на спроведувањето на започнатите проекти во наведените области.

Договор за набавки за зајакнување на капацитетите на Агенцијата за вработување на Република Македонија

Договор за набавки за зајакнување на капацитетите на АВРМ е финансиран во рамките на Оперативната програма за развој на човечки ресурси 2007-2013 година во рамките на Инструментот за пред-пристапна помош (ИПА) компонента 4. Преку Договорот за набавки АВРМ ги набави следните ставки:
Лот 1- Компјутерска опрема (персонални компјутери, хардвер за складирање на податоци, софтвер за заштита, надградба на софтвер, персонални компјутери и друга техничка опрема која се детектираше како неопходна).
Лот 2- Возила (5 градски и 5 теренски возила)
Лот 3- Клима уреди (за канцеларии и сервер сала)
Лот 4 – Канцелариски мебел (бироа, столици, фиокари, метални ормари)
До крајот на 2015 година беа испорачани возилата, канцеларискиот мебел и дел од компјутерската опрема.

Договорот за работи како поддршка на процесот на подобрување на работењето и услугите на Агенцијата за вработување

Со цел создавање на подобри услови за вработените и корисниците на услугите на центрите за вработување во Република Македонија, започна проектот „Договор за изведбени работи како поддршка на процесот за подобрување на работата и услугите на Агенцијата за вработување“.

Овој проект е финансиран од Европската Унија, Инструментот за претпристапна помош (ИПА) преку Оперативната програма за равој на човечки ресурси.

Со овој договор се опфатени градежни работи за реновирање на 12 центри за вработување и тоа во Кавадарци, Свети Николе, Делчево, Крива Паланка, Штип, Радовиш, Ресен, Кочани, Неготино, Пробиштип, Битола и Виница. Договорот е потпишан на 23.06.2015 година, додека имплементацијата започна на 20.07.2015 година. Предвидено е со активностите на овој проект да се изврши адаптација и модернизација на постоечката инфраструктура во центрите за вработување што ќе овозможи создавање на услови за испорака на квалитетни услуги и мерки на корисниците, односно на работодавачите и невработените лица.

Градежните активности предмет на овој договор ги спроведе изведувачот „ВИА ДОО ексорт-импорт Вевчани“ а надзор над изведувањето изврши надзорниот орган „А.Р.С. Прогети С.П.А Брисел“.

Реконструкцијата на центрите за вработување започна на 20.07.2015 година согласно динамичкиот план за реновирање на објеките од страна на изведувачот, процесот на реновирање траеше до 19.03 2016 година.
Согласно договорот, беа изведени следните градежни работи:
- Целосна реконструкција на крововите во дел од Центрите;
- Промена на внатрешна и надворешна столарија;
- Комплетна реконструкција на санитарни јазли;
- Поставување на нови подови (керамички плочки и ламинат);
- Крпење и фарбање на фасада на дел од Центрите;

- Реконструкција на електрична инсталација со целосна промена на светилки и
- Реконструкција на топловодно греење (во зависност од потребата во одделни центри нови котли, репарација на стари радијатори, поставување нови радијатори).

# 7. РАКОВОДЕЊЕ И УПРАВУВАЊЕ

## 7.1 АКТИВНОСТИ НА РАКОВОДЕЊЕ

Раководењето со АВРМ е во надлежност на Директорот, кој го именува Владата на Република Македонија, на предлог на Министерот за труд и социјална политика. Директорот има заменик. Секторот за координација и комуникација, во рамките на своите работни задачи се грижеше за работите поврзани со коресподенцијата на Директорот, неговите деловни состаноци, организирање на службените патувања на Директорот и Заменикот на директорот, комуникацијата меѓу Директорот и вработените во централната служба и центрите за вработување, како и со другите државни органи и институции. Понатаму, вработените во Секторот беа задолжени за навремено подготвување на седниците на Управниот одбор, како и за изготвување на записниците и актите од одржаните седници.

## 7.2 АКТИВНОСТИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР

Со работата на АВРМ управува Управен одбор, што го сочинуваат 9 члена, од кои 5 члена номинира Владата на Република Македонија, а по 2 претставника номинираат Организацијата на работодавачи и Синдикалните организации. Во текот на извештајниот период, Управниот одбор одржа 11 седници, на кои беа разгледани 31 точки на дневен ред и притоа беа донесени вкупно 27 Одлуки, 2 Правилници, 4 Заклучоци, 1 Упатство и 1 Процедура.

Како првостепен орган што одлучува по барањата за доделување на средства од Посебниот фонд за вработување и работење на инвалидни лица, членовите на Управниот одбор вршеа непосреден увид во просториите на подносителите на барањата и известуваа на седниците на кои по истите се одлучуваше.

Управниот одбор ја следеше реализацијата на годишниот оперативен план за активни програми и мерки за вработување, при што соработката со Директорот и со стручната служба на АВРМ беше на завидно ниво.

# 8. РАБОТНИ УСЛОВИ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

## 8.1 ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ

Финансиските показатели на АВРМ за периодот јануари - декември 2015 година се следните:

### *001 - ПРИХОДИ*

Вкупните приходи на АВРМ во периодот јануари - декември 2015 година изнесуваат 2.544.880.821,00 денари. Во однос на истиот период од 2014 година бележат зголемување од 4,6 % или за 112.115.124,00 денари.

По извори приходите изнесуваат:

*(во денари)*

| | јануари - декември 2014 | | јануари - декември 2015 | | Индекс |
|---|---|---|---|---|---|
| | Износ | Структура | Износ | Структура | (3:1) |
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| **I. Приходи од придонес за вработување** | **1.885.110.846,00** | **77,49%** | **2.042.492.889,00** | **80,26%** | **108,3** |
| 1.Приходи од приходи за вработување од плати на работници од правни лица | 1.758.793.402,00 | 72,30% | 1.902.040.705,00 | 74,74% | 108,1 |
| 2.Приходи од придонес за вработување од плати на работници вработени кај лица кои вршат самостојна дејност односно кај физички лица | 18.724.058,00 | 0,77% | 19.633.925,00 | 0,77% | 104,8 |
| 3.Приходи од придонес за вработување што го уплатуваат работници на привремена работа во странство | | | | | |
| 4.Приходи од придонес за вработување за изминати години | 107.593.386,00 | 4,42% | 120.818.259,00 | 4,75% | 112,3 |
| **II. Други приходи** | **13.203.896,00** | **0,54%** | **19.707.215,00** | **0,77%** | **149,2** |
| **III.Пренесен вишок на приходи** | **163.166.387,00** | **6,71%** | **257.680.717,00** | **10,13%** | **157,9** |
| **IV. Приходи од Буџетот** | **371.284.568,00** | **15,26%** | **225.000.000,00** | **8,84%** | **60,6** |
| 1.Приходи од Буџетот за покривање на дефицитот | 180.884.568,00 | 7,44% | | | |
| 2.Приходи од Буџетот за активни мерки и политики за вработување | 190.400.000,00 | 7,83% | 225.000.000,00 | 8,84% | 118,2 |
| **Вкупни приходи:** | **2.432.765.697,00** | **100,00** | **2.544.880.821,00** | **100%** | **104,6** |

## *002 - РАСХОДИ*

Во периодот јануари - декември 2015 година расходи на АВРМ изнесуваат 2.107.499.561,00 денари. Во однос на истиот период од 2014 година расходите бележат намалување за 3,1%, или за 67.585.419,00 денари.

Наменски расходите изнесуваат:

*(во денари)*

| | јануари - декември 2014 | | јануари - декември 2015 | | Индекс |
|---|---|---|---|---|---|
| | Износ | Структура | Износ | Структура | (3:1) |
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| I.Средства за обезбедување на паричен надоместок и за други права за време на невработеност | 1.956.461.406,00 | 89,95% | 1.859.648.663,00 | 88,24% | 95,0 |
| II. Стоки и услуги | 60.004.938,00 | 2,76% | 62.532.370,00 | 2,97% | 104,2 |
| III.Основни плати, придонеси за социјално осигурување и персонален данок на доход од плата | 156.025.627,00 | 7,17% | 179.097.336,00 | 8,50% | 114,8 |
| IV.Персонален данок на доход од надоместоци | 317.432,00 | 0,01% | 244.719,00 | 0,01% | 77,1 |
| V.Субвенции и трансфери | 1.234.688,00 | 0,06% | 3.631.947,00 | 0,17% | 294,1 |
| VI. Капитални расходи | 1.040.889,00 | 0,05% | 2.344.526,00 | 0,11% | 225,2 |
| **Вкуни расходи:** | **2.175.084.980,00** | **100,00%** | **2.107.499.561,00** | **100%** | **96,9** |

## *003 - ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ*

1. Вкупни приходи ............................................................ 2.544.880.821,00
2. Вкупни расходи ............................................................ 2.107.499.561,00
3. Вишок на приходи (1-2) .................................................. 437.381.260,00

Во текот на 2015 година, АВРМ оствари вишок на приходи од 437.381.260,00 денари.

## *004 - ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА АВРМ ЗА 2015 ГОДИНА*

Ако се погледаат планираните и остварените приходи и расходи за 2015 година, ќе се констатира следнава состојба:

### *I. Приходи: 2015 година*

*(во денари)*

| | ПЛАНИРАНО | ОСТВАРЕНО | % на остварување (2:1) | РАЗЛИКА (2-1) |
|---|---|---|---|---|
| 1. Приходи од придонесот за вработување | 1.972.162.000,00 | 2.042.492.889,00 | 103,57 | 70.330.889,00 |
| 2. Други приходи | 17.000.000,0 | 19.707.215,00 | 115,92% | 2.707.215,00 |
| 3. Пренесен вишок на приходи | | 257.680.717,00 | | 257.680.717,00 |
| 4. Приходи од Буџетот | 225.000.000,00 | 225.000.000,00 | | 0,00 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | 100% | |
| **ВКУПНО:** | **2.214.162.000,00** | **2.544.880.821,00** | **114,93%** | **330.718.821,00** |

Од табелата се гледа дека има остварено повеќе приходи за 14.93% од планираните во 2015 година односно повеќе за 330.718.821,00 денари.

***II. Расходи: 2015 година***

*(во денари)*

| | ПЛАНИРАНО | ОСТВАРЕНО | % на остварување (2:1) | РАЗЛИКА (2-1) |
|---|---|---|---|---|
| А. Трошоци за функцијата 1. Средства за обезбедување на паричен надоместок и за други права за време на невработеност | 1.939.500.000,00 | 1.859.648.663,00 | 95,88% | -79.851.337,00 |
| Б.Трошоци за стручна служба | 274.662.000,00 | 247.850.898,00 | 90.24% | -26.811.102,00 |
| 1. Стоки и услуги | 77.525.000,00 | 62.532.370,00 | 80,66% | -14.992.630,00 |
| 2. Основни плати, придонеси и персонален данок на доход од плата | 180.662.000,00 | 179.097.336,00 | 99.13% | -1.564.664,00 |
| 3. Персонален данок од доход од надоместоци | 1.000.000,00 | 244.719,00 | 24,47% | -755.281,00 |
| 4. Надоместоци | 500.000,00 | | | -500.000,00 |
| 5.Субвенции и трансфери | 3.975.000,00 | 3.631.947,00 | 91,37% | -343.053,00 |
| 6. Капитални расходи | 11.000.000,00 | 2.344.526,00 | 21,31% | -8.655.474,00 |
| **ВКУПНО:** | **2.214.162.000,00** | **2.107.499.561,00** | **95,18%** | **-106.662.439,00** |

Од табелата се гледа дека има за 4,82% помалку остварени расходи од планираните во 2015 година односно помалку за 106.662.439,00 денари.

## 8.2 ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

На 31 декември 2015 година во АВРМ има вкупно 502 вработени.

Структура на вработените во АВРМ според степенот на завршено образование:

- ВСП - 308 вработени (61,3%);
- ВШП - 37 вработени (7,4%);
- ССП - 141 вработени (28,1%); и
- НКВ - 16 вработени (3,2%).

Структура на вработените во АВРМ според работите и работните задачи што ги извршуваат:

- Раководни работници - 53 вработени (10,5%);
- Вработени на активни политики - 256 вработени (51%);
- Вработени во пасивни политики - 162 вработени (32,3%);
- Помошни работници - 31 вработени (6,2%).

Со цел успешно спроведување на активните мерки за вработување, по потреба, дел од вработените во пасивни политики беа ангажирани со работни задачи од активните политики и мерки за вработување, преку задолженија со дополнителни работни обврски од таа област.

Структура на вработените во АВРМ според пол:

- Мажи - 214 лица (43%) и
- Жени - 288 лица (57%).

Структура на вработените во АВРМ според национална припадност и застапеност на припадниците на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија:

- Македонци - 388 лица (77,3%); и
- Припадници на заедниците кои не се мнозинство во РМ - 114 лица (22,7%).

Односно:

- Албанци - 80 лица (15,9%);
- Турци - 7 лица (1,4%);
- Роми - 3 лица (0,6%);
- Срби - 7 лица (1,4%);
- Власи - 8 лица (1,6%);
- Бошњаци - 1 лица (0,2%); и
- Останати – 8 лица (1,6%).

Во текот на 2015 година, вкупно 54 лица засновале работен однос во АВРМ, и тоа:

- 38 лица по спроведена постапка по објавен јавен оглас;
- 10 лица со превземање од други државни/јавни органи/институции;
- 2 лица се вратиле на работа по донесена судска одлука;
- 4 лица со трансформација на работниот однос.

Притоа, новите вработувања се реализирани согласно Законот за јавните службеници и Законот за работните односи, а по претходно обезбедени средства во Буџетот на АВРМ, односно по претходно обезбедена согласност од Министерството за финансии.

Во текот на 2015 година, на 30 вработени во АВРМ им престана работниот однос и тоа:

- 22 лица поради возраст на работникот, односно исполнување услови за остварување право на старосна пензија;
- 2 лица поради спогодбен престанок на работниот однос;
- 2 лица поради отказ од страна на работодавачот;
- 4 лица поради остварување право на инвалидска пензија.

Притоа, 10 лица користеле право на неплатено отсуство од работа.

АВРМ континуирано се грижи за развој, јакнење и надградување на човечките капацитети, односно човечките ресурси, па во таа смисла, во текот на 2015 година, вработените посетуваа разни семинари, обуки, работилници, предавања.

АВРМ и во иднина ќе продолжи со грижата за јакнење на човечките ресурси, преку организирање на вакви и слични обуки, семинари, работилници и слично, во зависност од финансиските можности.

## 8.3 ИТ ПОДДРШКА

Информатичката инфраструктура на Агенцијата за вработување се состои од околу 500 компјутери организирани во 50 локални компјутерски мрежи во центрите за вработување и

централната служба во Скопје, како и истурени канцеларии во некои населени места и општини (15 од истурените канцеларии се отворени во текот на 2015 година). Центрите за вработување се поврзани со централната служба во Скопје преку IPVPN технологија, по пат на закупени линии. Постои централен серверски систем сместен во Централната служба, како и по еден локален сервер во сите центри. Системскиот софтвер е Microsoft Windows платформа со Microsoft SQL систем за управување со податоци. Апликативниот софтвер се состои од неколку .Net веб апликации. Секторот за информатика брои 5 вработени во Централната служба и 5 вработени на работни места од информатичка струка во центрите за вработување.

Од аспект на хардверска инфраструктура, 2015 година е значајна по тоа што кон крајот на годината, со средства од ИПА фондовите пристигна нова компјутерска опрема: 4 нови сервери со можност за виртуелизација, дисковен простор (data storage), мрежен уред, firewall и 250 персонални компјутери. Имплементацијата на оваа опрема ќе биде изведена во почекот на 2016 година.

Во текот на 2015 година извршени се голем број измени во апликативниот софтвер во врска со тековното работење на АВРМ, во насока на подобрување на постојните или додавање на нови функционалности:

- Направени се измени во постоечкиот софтвер во модулите за евиденција на работни односи лица заради законски измени со кои се овозможи ослободување од придонеси во рамки на проектот Македонија вработува, како и во модулите за размена на податоците со ФЗОМ, ФПИОМ и УЈП.
- Направени се интервенции во постоечкиот софтвер за евиденција на активните мерки – прилагодување или додавање на нови форми и други функционалности во сите активни мерки од ОП 2015 каде тоа беше потребно.
- Додадени се нови функционалности на системот е-Работа, со кој работодавачите можат да поднесат барање за вработување на странски државјанин, кое е во фаза на тестирање.
- Направени се нови веб сервиси за потребите на системот Интероперабилност.
- Направен е редизајн на веб страната на АВРМ
- На крајот на 2015 година се пристапи кон редизајн на модулите за компјутерска обработка на активните мерки, во насока на нивно унифицирање и понатаму овозможување на апликации од работодавачи преку системот е-Работа.

## 8.4 ФИЗИЧКИ УСЛОВИ

Како еден од проектите од областа на имотно-правните работи во АВРМ, кој не само што ја одбележи 2015 година, туку и се издвојува како најзначаен во неколкуте последни декади е отпочнувањето со реализацијата на градежните работи за реновирање и реконструкција на 12 центри за вработување, како дел од проектот за Понатамошна модернизација на Агенцијата за вработување на Република Македонија во рамките на ИПА програмата.

Исто така во 2015 година од особено значење е и отпочувањето на адаптацијата на новиот објект за центарот за вработување Кратово, по најсовремени стандарди, како и негово потполно функционално и модерно опремување .

Обезбеден е и нов објект за центарот за вработување Дебар, со кој ќе се реши и просторното прашање на овој центар за вработување кој беше соочен со големи потешкотии при функционирањето поради постојните физички услови за работа.

Овие проекти и активности се во насока на обезбедување на посоодветни и современи просторни капацитети за голем дел од центрите за вработување, што претставува особено постигнување во домен на физичките услови на АВРМ.

Во текот на 2015 година исто така продолжи и трендот за овозможување на достапноста на услугите на АВРМ на локално ниво, со отворање на нови 6 дисперзирани канцеларии и тоа во: Ѓорче Петров, Бутел, Аеродром, Ранковце, Пласница и Ново Село, се со цел на клиентите кои живеат на поголема оддалеченост да им се овозможи олеснето користење на услугите на АВРМ.

Во 2015 година завршен е и процесот на обезбедување на геодетски елаборати и истите се доставени до надлежните органи во постапката за легализцијата на бесправните објекти и делови од објекти, а за дел од центрите за вработување е целосно спроведена и легализацијата.

Со одлука на Влада на Република Македонија се изврши и запишување на право на користење на дел од објектите во центарот за вработување Кочани, кои веќе ги имаше во владение.

Во 2015 година беа вршени и други тековни активности од областа на имотно-правните прашања, со цел обезбедување на подобри физички услови за функционирање и работа на Агенцијата за вработување на Република Македонија.

## 8.5 ВНАТРЕШНА КОНТРОЛА

Во областа на внатрешната ревизија, се реализираа следните активности:

- Изготвен е стратешки план 2016-2018 година и Годишен план за 2016 година за секторот за внатрешна ревизија и истиот е доставен до Министерството за финансии на РМ
- Извршена е редовна ревизија на законитост и усогласеност за остварување на право на материјално обезбедување на невработените лица во вид на паричен надоместок во центрите за вработување, ревизија на регуларноста на процесот на пријавување (засновање) и одјавување (престанок) на работен однос во центрите за вработување.
- Извршена е вонредна ревизија на решение (предмет) бр.2113/2010/24-0306 од 12.07.2010 година за остварување на право на паричен надоместок во Центарот за вработување на град Скопје, вонредна ревизија на системот на интерни контроли и регуларност на процесот на доделените неповратни средства од Посебниот фонд на ТДВИЛ "Мултиграф" Кочани на Решение број 10-3/198-2 од 10.11.2009 за вработување на инвалидни лица на неопределено време и решение број 10-3/344-2 од 23.12.2009 година за набавка на опрема, вонредна ревизија и проверка во предметите и работата во центарот за вработување Велес.
- Изготвен и доставен Извештај за извршени ревизии и активности на внатрешната ревизија за 2014 година до Министерството за финансии.

## 8.6 ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА, ДОМАШНА И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Во 2015 година, АВРМ посвети големо внимание на информирање на своите клиенти преку средствата за јавно информирање и на својата веб-страна. Информациите главно се однесуваа на активни програми и мерки за вработување кои се имплементираа заради зголемување на интересот кај публиката, услугите што АВРМ за вработување континуирано ги дава, појаснувања во врска со измените на законската регулатива и други прашања кои се од

надлежност на работењето на АВРМ. На сите прашања добиени од страна на новинарски и медиумски куќи, заинтересирани правни или физички лица навремено и стручно се одговараше.

Изминатата година се издвојува активноста Отворени денови со Агенцијата за вработување, при што Директорот на АВРМ, заменикот на директорот и тимови од централната служба присуствуваа на средби со заинтересираните невработени лица и работодавачи во просториите на работните клубови во центрите за вработување и дисперзираните канцеларии, при што одговараа на сите прашања од нивен интерес. Оваа активност продолжи и во 2016 година.

Во своето функционирање, АВРМ имаше плодна соработка со повеќе министерства и други органи и институции, меѓу кои особено се вбројуваат Министерството за труд и социјална политика, Централниот регистар на Македонија, Фондот за здравствено осигурување, Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, Државниот завод за статистика и други релевантни институции.

Во областа на меѓународната соработка, во 2015 година се истакнуваат учеството на конгресот на Светската асоцијација на јавни служби за вработување (WAPES) во Истанбул (Турција), како и учеството на директорксската и експертската конференција во рамките на Центарот на јавни служби за вработување на државите од Југо-источна Европа (CPESSEC) во Љубљана (Словенија). Притоа беа презентирани активностите на службите за вработување во различни домени од пазарот на трудот, а беа разменети искуства од областа на вработувањето и следењето на развојот на пазарот на трудот, активните програми и мерки за вработување. Исто така, АВРМ учествуваше и на студиско патување со посета на јавната служба за вработување во Стокхолм (Шведска), каде на терен имаше можност за согледување на начинот на функционирање на јавната служба за вработување во една високо развиена скандинавска држава.

Вработените во АВРМ земаа учество и на други конференции, семинари, студиски патувања и работилници, во земјата и во странство, кои беа од интерес за нејзиното функционирање и подобрување на работењето.

АВРМ редовно учествуваше на состаноците на следните Поткомитети во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација:

- Поткомитет за иновации, информатичко општество и социјална политика
- Поткомитет за економски и финансиски прашања и статистика.

Целта на овие активности е да се претстави детална слика за состојбата и напредокот на Република Македонија во процесот на усогласување на законодавството и јакнење на институционалниот капацитет за пристапување во Европска Унија.